| 17.*Репарирање на дел од вертикалите на тоалетите и прилагодување на тоалет за инвалидни лица* | Анализа на постоечката состојба<br>Акциски план за работа | ✓ | | | | | | | | | | | | Директор Хаусмајстор, економ-домаќин, секретар | Сопствени средства МОН, донации | евиденција | Ставање во функција на веќе запрена вертикална мрежа | Директор, Хаусмајстор, економ-домаќин, секретар | | Сопствени, МОН, донации |
| 18.*Целосно уредување на дворот и набавка на соодветни детски реквизити (детски парк)* | Анализа на постоечката состојба<br>Акциски план за работа<br>Изведба<br>набавка | ✓ | ✓ | | ✓ | | | | | | | | | Директор, Парков работник, комисија за проекти | Проект од донации | Записници, евиденција | Пријатна атмосфера во дворот | донатори Директор, Парков работник, комисија за проекти | | донации |
| 19.*Сензорен двор* | Анализа на постоечката состојба<br>Акциски план за работа<br>Изведба<br>набавка | ✓ | ✓ | | ✓ | | | | | | | | | Директор, Комисија за проекти | Проект од донации | Записници, евиденција | Пријатна атмосфера во дворот | донатори Директор, Комисија за проекти | | донации |
| 20.*Реконструкција на фасадата со мерка за енергетска ефикасност* | Анализа на постоечката состојба<br>Акциски план за работа<br>Изведба<br>набавка | ✓ | ✓ | | ✓ | | | | | | | | | Директор, Комисија за проекти | Проект од донации | Записници, евиденција | Заштеда на енергија, естетски изглед | донатори Директор, Комисија за проекти | | донации |

| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| *21.Реновирање/преградување на простории за потребите на ОУРЦ* | Анализа на постоечката состојба<br>Акциски план за работа<br>Изведба<br>набавка | | | | | ✓ | ✓ | | | | | | | Директор,секретар, економ домаќин | МОН | Записници, евиденција | Подобри услови за работа во кабинетот | Директор, секретар, економ домаќин | | МОН, Донации |
| *22.Изградба на кабинетот по физичко образование пред спортската сала* | Анализа на постоечката состојба<br>Акциски план за работа<br>Изведба<br>набавка | | | | | ✓ | ✓ | | | | | | | Наставници по ФЗО директор | МОН | Записници, евиденција | Подобри услови за работа во кабинетот | Директор, Наставници по ФЗО | | Сопствени, МОН, Донации |
| *23.Снабденост со опрема и наставни дидактички средства според потребите на дефектолозите и воспитувачите кои работат директно со учениците* | Анализа на постоечката состојба<br>Акциски план за работа<br>изведба | ✓ | | | | | | | | | | | | Директор, Економ домаќин Хаус мајстор | МОН | Записници, евиденција | Подобрување на квалитетот во работата со дидактички материјали | Директор, Економ домаќин | | Сопствени средства. МОН |

## 7.1. План за евалуација на акциските планови

- **Одговорен за следење**

-Директор;
-Стручен соработник педагог;

***Критериум за успех:***

Следењето и вреднувањето, односно оценувањето се составен дел работата. Се опфаќа рехабилитационо-педагошко-инструктивната и истражувачко-евалуаторската работа. Целта на следењето и вреднувањето на ефектите од работата на вработените е насочен кон:

-личен и стручен развој на вработените

-согледување на ефектите од креативните и творечките активности

-реализирање, прегледување и усовршување на наставните планови и програми

-Имплементирање на новите измени од индикаторите за квалитет на работата на училиштето во:

а) самоевалвацијата

б) развојните планирања

в) следење на имплементацијата

-планирање и програмирање на курикулумот

-стимулирање на успехот, постигањата и развојните потреби на учениците по наставните предмети

-барање решенија за подобрување на рехабилитационо-воспитно-образовниот процес

-постигнување на оптимални образовн-рехабилитациони резултати

-добивање на повратна информација за квалитетот, резултатите и проблемите од работењето и нивно надминување

-поттикнување на соработката

-планирање на ресурси

-запознавање на надлежните со резултатите од работењето

-работата, успехот и постигањата на учениците

-следење и анализирање на ефектите од користењето на сурдо-техничките апарати и другите помагала, користењето на современата образовна технологија во наставата-наставните форми, методи, наставните сдредства

-училишната клима, интерперсоналните односи и амбиентот во кој се реализира наставата

-педагошката документација и евиденција

Други активности поврзани со наставата

За нас вреднувањето претставува мотивирачки процес насочен кон прогрес, продуктивност и квалитет во реализацијата на рехабилитационо-воспитно-образовниот процес.

Се следат и вреднуваат:

-планирањето и програмирањето на наставата

-работата на наставникот (личните, стручните и професионалните) квалитети

-наставните часови, следи консултативен разговор по следењето на часот

а.)планирањета и подготовката на наставникот

б.)следењето на работата на учениците

в.)училнички менаџмент

г.)однесувањето на наставникот за време на часот

д.)користената образовна технологија –формите и методите на учење и поучување, користење на работните материјали

ѓ.)временското структуирање на часот

е.) водење на педагошката документација

По следењето на наставниот час следи конструктивен разговор каде наставниците добиваат повратна информација за квалитетот на она што го работаат со цел да се согледаат ефектите, одредените пропусти и слабости, како и проблемите во нивното работење, а со цел се надминат истите, да се стават во функција на нивниот професионален успех и да се подобри квалитетот на реализација и резултатите од рехабилитационо-воспитно-образовниот процес.

- ***Инструменти***

- Годишни планови и тематски планови- образец за следење на планираното
- Дневни планови-евидентни листи за посета на час
- Подготвување и користење на наставен материјал, помагала- евидентни листи за посета на час
- Оценување на учениците- чек листи, скала на проценка, компаративни анализи
- Примена на ИКТ во наставата – скала на проценка
- Дополнителни активности (секции, дополнителна настава, посети на библиотека, кино, театар, спорт.натпревари и др.-програми, реализација и евиденција)
- Учество во проекти-проекти, реализација и евиденција
- Работа во училишни тимови-записници
- Учество во стручни тела и органи- програми, реализација и записници
- Активност во Стручни активи- програми, реализација и записници
- Соработката со: наставници, ученици, родители од други училишта
- Стручно усовршување (посета на семинари, курсеви и др)-евидентни листи, проф.досие
- Анкети, интервјуа и сл.

- **Индикатор за успешност**

Сите наставници имаат изготвени годишни и тематски планирања и дневни подготовки кои ги содржат сите неопходни елементи за успешна организација и реализација на часот. Планирањата на наставниците содржат јасни насоки што се очекува учениците да научат (кои се очекуваните исходи од учењето), како и кога. Целите на наставата, очекуваните исходи од учењето и начинот на оценување се јасно утврдени во планирањето, а наставниот кадар ги користи информациите од оценувањето за да ги идентификува потребите на учениците и да ги планира следните чекори во учењето. Активностите, вклучувајќи ги и домашните задачи, се така планирани за ефективно да се искористи времето и на наставниците и на учениците.

Наставниците планираат во рамките на стручните активи и разменуваат искуства и идеи за планирањето преку
примена на ИКТ, примена на МИО, реализација на ЕКО програмата, примена на програма за заштита од насилство, регионална соработка со други училишта, консултирање со експерти, користење меѓународни искуства и др.

Распоредот на часови го прави стручната служба во соработка со наставниците, почитувајќи го најдобриот интерес на
детето.

Во делот кој припаѓа на образование има пропишана интерна процедура за следење на наставниот процес, истата редовно се применува, а секој наставник се посетува на час најмалку два пати во полугодие од директорот или стручната служба. Постои пракса на размена на искуства преку следење на работата од колеги од стручниот актив. Наодите од следењето се користат за подобрување на наставниот процес.

- **Повратна информација**

За сите планирани активности кои ќе се реализираат се врши следење, се изработува соодветна анализа за реализацијата на планираното и со добиените податоци се запознаваат соодветните одговорни лица. Конкретно за подобрување на наставата се преземаат следните мерки како повратна информација за наставниците:

По следењето на наставниот час следи конструктивен разговор каде наставниците добиваат повратна информација за квалитетот на она што го работаат со цел да се согледаат ефектите, одредените пропусти и слабости, како и проблемите во нивното работење, а со цел да се надминат истите, да се стават во функција на нивниот професионален успех и да се подобри квалитетот на реализација и резултатите од рехабилитационо-воспитно-образовниот процес.

## *8.*Програми и организација на работата

### 8.1. Календар за организација на работата

Со овај правилник се утврдува календарот за остварување на задолжителните облици на рехабилитационо-образовно-воспитната работа како на пример задолжителната настава.

Чл.2

Исто така со правилникот се утврдуваат останатите облици на рехабилитационо-воспитно-образовната работа како на пример: задолжителните програми, изборните предмети, други изборни предмети, проектните активности и т.н. кои се пропишани во Наставните планови и програми за деветтолетка.

Чл.3

Задолжителните облици на рехабилитационо-воспитно-образовната работа од членот 1 од овај правилник за ОУРЦ се остварува на годишно ниво 36 петтодневни работни седмици и најмалку 180 одработени работни денови.

Чл.4

Учебната година започнува на 1 септември 2022 година, а завршува на 31 август 2023 година. Во текот на учебната година има два распусти: зимски и летен. Времето на започнувањето на распустите и започнувањето на наставата го определува Министерството за образование и наука на РСМ.

Чл.5

Во ОУРЦ ,,Кочо Рацин,, се признаваат државните и верските празници што се во склад со содветната законска регулатива. Во тие денови учениците не ја посетуваат наставата, а вработените не доаѓаат на работа. Поради специфичноста (постои интернат) се поставуваат од страна на вработените дежурни извршители за извршување на потребни работи.

Тие празници се:

Календар со празници

За сите граѓани на РСМ
01 јануари  Нова Година,
07 јануари, првиот ден на Божик според православниот календар,
14 април, Велики петок
17 април Велигден
01 мај Ден на трудот,
13 мај Рамазан Бајрам, првиот ден на Рамазан Бајрам,
24 мај „Св. Кирил и Методиј“ Ден на сесловенските просветители,
02 август Ден на Републиката,
8 септември Ден на независноста,
11 октомври Ден на народното востание,
23 октомври Ден на Македонската Револуционерна Борба,
8 декември  “Св. Климент Охридски”,

**За граѓаните од православна вероисповед**
06 јануари Бадник, ден пред Божик,
19 јануари Богојавление (Водици),
14 април Велики Петок, петок пред Велигден,
02 јуни Духовден, петок пред Духовден,
28 август Успение на Пресвета Богородица (Голема Богородица).

**За граѓаните од католичка вероисповед**
10 Април Велигден, вториот ден на Велигден,
01 ноември Празникот на сите светци,
25 декември, првиот ден на Божик.

**За граѓаните од муслиманска вероисповед**
22 април Рамазан Бајрам, прв ден на Рамазан Бајрам

**За граѓаните припадници на албанската заедница во РМ**
22 ноември  Ден на Албанската азбука,

**За граѓаните припадници на српската заедница во РМ**
27 јануари Свети Сава,

**За граѓаните припадници на ромската заедница во РМ**
08 април , Меѓународен ден на Ромите,

**За граѓаните припадници на влашката заедница во РМ**
23 мај Национален ден на Власите,

**За граѓаните припадници на еврејската заедница во РМ**
16 септември Јом Кипур, првиот ден на Јом Кипур,

**За граѓаните припадници на бошњачката заедница во РМ**
28 септември Меѓународен ден на Бошњаците,

**За граѓаните припадници на турската заедница во РМ**
21 декември, Ден на настава на турски јазик.

Законот за празниците предвидува дека:

- Во неработните денови, работникот има право на надомест на плата, односно на зголемена плата во согласност со закон и колективен договор.
- Владата на Република Северна Македонија со акт определува кои државни органи и други јавни служби, јавни претпријатија, трговски друштва, установи и други правни лица, се должни да работат во деновите на празниците.

**8.2. Поделба на класно раководство, поделба на часовите на наставниот кадар, распоред на часовите**

| | Наставник дефектолог | Класен раководител |
|---|---|---|
| 1. | Весна Димовска | I а одд |
| 2 | Мимоза Ставревска | I б одд |
| 3. | Катерина Шаркоска | II а одд |
| 4. | Ивана Карајанова | II б одд |
| 5. | Мери Несторовска | III а одд |
| 6. | Константина Петреска | III б одд |
| 7. | Оливера Филиповска | IVа одд |
| 8. | Сузана Станоевска | IV б одд |
| 9. | Лијана Христовска | Vа одд |
| 10. | Билјана Маслинко | V б одд |
| 11. | Томче Ѓоргиев | VI а одд |
| 12. | Елена Петровска | VI б одд |
| 13. | Тони Чавдаровски | VII а одд |
| 14. | Марија Наумоска | VIII а одд |
| 15. | Никола Рајковски | VIII б одд |
| 16. | Јасна Дурлова | IX а одд |
| 17. | Јове Цетаноски | IX б одд |

Дополнително со анекс ќе биде внесена распределбата и распоредот на часови.

## 8.3. Работа во смени

***Организација на целодневната работа и задолжителнатa настава***

**а.) Општа организација на работата – работен ден**

Работниот ден е по следниот редослед:

- Будење на учениците и лична хигиена;
- Доручек;
- Редовна рехабилитационо-воспитно образовна работа;
- Организирано слободно време (за учениците од претшколско до четврто одделение пладневен одмор);
- Ручек;
- Воннаставни активности: припрема за нареден ден, дополнителна и додатна настава;
- Организирани слободни активности;
- Слободно време по избор на учениците;
- Спиење.

Будење: 06:30 часот

- **Миење:** Задолжителна лична хигиена, чешлање, местење на кревети. Негователите помагаат при одржување на личната хигиена, местењето на креветите и слично со посебен акцент на припремно, прво и второ одделение.
- **Јадење:**

| | | |
|---|---|---|
| | Појадок | 07:00 – 07:25 часот |
| | Ручек | 13:00 – 13:30 часот |
| | Вечера | 19:10 – 19:30 часот |
| | Ужина | 16.20 часот |

- **Наставата** започнува во 07:30 часот и завршува спрема училишниот распоред посебно за секое одделение и паралелка. Истата се одвива према однапред определен распоред, наставата оваа учебна година ќе се одвива во една (прва) смена.
- За време на одморите, меѓу часови, дежурниот наставник задолжително го одржува редот и дисциплината на учениците, а за негова припомош доаѓаат и присутните воспитувачи.
- По завршувањето на наставата секој наставник е обврзан задолжително да спроведе организирано предавање на групата (одделението) на воспитувачи.
- Наставникот кој обавува дежурство од 7.15 до 13.00 врши предавање на учениците во училишната трпезарија на воспитувач со точна бројна состојба и со писмена потврда за состојбата.
- Воспитувачот ја предава смената на дежурниот воспитувач дефектолог со евиденција за точната бројна состојба во 13:30 ч.

- Утринската терапија на учениците се дава во времето од 7.20 – 7.30 часот .

**б) Времетраењето на часовите и одморите - настава**

Прва смена:

| Час | Започнува | Завршува | Одмор |
|---|---|---|---|
| – 1 | 07:30 | 08:10 | 5 мин. |
| – 2 | 08:15 | 08:55 | 15 мин. |
| – 3 | 09:10 | 09:50 | 5 мин. |
| – 4 | 09:55 | 10:35 | 5 мин. |
| – 5 | 10:40 | 11:20 | 5 мин. |
| – 6 | 11:25 | 12:05 | 5 мин. |
| – 7 | 12.10 | 12.50 | / |

Втора смена (во случај на вонредни услови)

| Час | Започнува | Завршува | Одмор |
|---|---|---|---|
| – 1 | 13:45 | 14:25 | 5 мин. |
| – 2 | 14:30 | 15:10 | 15 мин. |
| – 3 | 15:25 | 16:05 | 5 мин. |
| – 4 | 16:10 | 16:50 | 5 мин. |
| – 5 | 16:55 | 17:35 | 5 мин. |
| – 6 | 17:40 | 18:20 | 5 мин. |
| – 7 | 18.25 | 19.05 | / |

План за работа на продолжениот престој

Опфат на ученици: Дел од ученици запишани во ОУРЦ кои законски можат да присуствуваат без родителска придружба.
Просторни ресурси: Двете интернатски занимални,во зависност од бројот на опфатеност и календарската возраст на децата .
Професионален стручен кадар: Воспитувачи -дефектолози,воспитувачи-недефектолози и негователи. Секој поединечно изготвува свој план и програма за работа со продолжениот престој.
Планот и програмата вклучува: Воннаставни активности(поддршка во учењето- академски вештини) и животни вештини.

Прифаќање на учениците во 07 и 30 од страна на дефектолозите со поддршка од страна на воспитувачите. Во текот на наставата воспитувачите и негователите се вклучени со поддршка на дефектолозите на повик.

По завршувањето на наставата следи прифаќање на учениците во продолжениот престој. Се реализираат гореспоменатите активности со акцент на : Воннаставни активности,животни вештини . Од 13ч учениците се носат на ручек. Од 14-до 16 и 50 учениците реализираат дел од активностите предвидени по соодветен план и програма во престојот. Академски вештини ,повторување на веќе стекнатото и помош при совладување на домашната работа. Во 16 и 50 следи подготвување и испраќање на децата .

Индивидуалните кабинетски третмани со надворешните деца ќе се изведуваат во зависност од нивната смена

## 8.4. Јазик/ јазици на кои се изведува наставата

| | **Наставен јазик-македонски** | **Наставен јазик-албански** | **Наставен јазик-турски** | **Наставен јазик-српски** |
|---|---|---|---|---|
| **Број на паралелки** | 17+2(предуч.рехаб.) | | | |
| **Број на ученици** | 77+8 | | | |
| **Број на наставници** | 34 | | | |

## 8.5. Проширена програма

Согласно од организациската поставеност на соодветен кадар ( воспитувачи, негователи ) се оргамизирани за прифаќање и заштита на учениците пред и после наставата. Во продолжениот престој наставата ја реализираат воспитувачи специјални едукатори и рехабилитатори.

## 8.6. Комбинирани паралелки

Нема комбинирани паралелки по одделенија.

## 8.7. Странски јазици што се изучуваат

Се изучува англиски јазик од прво до деветто одделение во паралелките на учениците со оштетен слух

## 8.8. Реализација на физичко и здравствено образование со учениците од прво до петто одделение

Прво одделение
Дарио Темелков и Весна Димовска
Дарио Темелков и Мимоза Ставревска

Второ одделение:
Дарио Темелков и Катерина Шаркоска
Дарио Темелков и Ивана Карајанова

Трето одделение:
Дарио Темелков и Мери Несторoска
Дарио Темелков и Константина Петреска

## 8.9.Изборна настава

а) 4 одделение – оригамии и фотографија, сликање, цртање и вајарство и моделирање
б) 5 оддление – оригамии и фотографија, сликање, цртање и вајарство и моделирање, работа со компјутер
в) 6, 7, 8 и 9 одделение – изборен ликовна уметност и техничко образование, работа со компјутер

## 8.10. Дополнителна настава

Поради одредени специфики во образованието на децата со пречки во нивниот развој и организацијата на работниот ден, дополнителната и додатната настава во ОУРЦ се остварува во попладневната смена. Неа ја реализираат воспитувачи-специјални едукатори и рехабилитатори.

Дополнителната настава во ОУРЦ се организира за ученици кои се соочуваат со одредени тешкотии во учењето, побавно напредуваат или заостануваат во усвојувањето на содржините и другите задачи од еден или повеќе наставни предмети. Во нашиот случај, бидејќи се работи за деца со пречки во развојот и посебни воспитно образовни потреби, одредена помош му е потребна скоро на секој ученик. Затоа попладневната работа на специјални едукатори и рехабилитатори е организирана и испланирана према менталните и другите потреби на самите ученици.

**8.11. Додатната настава** по својата суштина и функција претставува организирана грижа и работа со надарени ученици. Се организира за ученици кои во текот на редовната настава постигнуваат за оваа категорија на ученици натпросечни резултати и, освен тоа, пројавуваат и се потврдуваат со особена и посебна надареност и талентираност во одделни наставни предмети.

**ПС. Иако со програмата е вака организирано за доп. и додат. настава, сепак наставниците од предпладневната смена по однапред подготвен план реализираат додатна и дополнителна настава.**

Програмите се во согласност со наставните планови и програми одобрени од Бирото за развој на образованието и МОН од прво до деветто одделение . Реализатори: наставниците специјални едукатори и рехабилитатори.

## 8.12.Работа со надарени и талентирани ученици

***-Индивидуализирани програми за работа со надарени талентирани деца***

Со оглед на степенот и видот на оштетувањата кај учениците програми наменети за работа со понадарени ученици немаме. Ако се појави таков ученик тогаш во новата учебна година ке се евидентира случајот и ке се подготват соодветни планови.

## 8.13. Работа со ученици со посебни образовни потреби

Целокупната организација е прилагодена за работа на ученици со посебни потреби

## 8.14. Туторска поддршка на учениците /

## 8.15. План на образвниот медијатор /

# 9. Воннаставни активности

Наставните и воннаставните активности претставуваат нераскинлива целина во воспитно-образовниот процес што ги создаваат потребните предуслови ученикот да се развие во отворена, самостојна, креативна и карактерна личност. Во рамките на воспитно-образовната дејност, како училиште за деца со посебни образовни потреби, се организираат и се остваруваат разновидни воннаставни

активности во согласност со развојните потреби и интереси на учениците. Нивното активно учество е со цел училиштето да стане место за социјализација на учениците и привлечна средина за рехабилитација, учење и развој.
Изборот на воннаставните активности во коишто учениците самостојно се вклучуваат надвор од редовната настава, им нуди можност за развивање интереси што редовната настава не ги опфаќа или само делумно ги опфаќа. Особено е значајно тоа што со воннаставните активности се развиваат компетенциите (знаењата, вештините и ставовите) на учениците во сите подрачја, коишто не се опфатени или, само делумно се покриени со наставните програми, а се во согласност со Националните стандарди кои треба да ги постигнат учениците до крајот на основното образование.

Долгогодишната пракса покажува дека, ангажирањето во вонnаставните активности им овозможува на учениците да изградат позитивен став спрема училиштето, се намалува ризичното однесување на учениците и ја редуцира опасноста од напуштање на училиштето, го поттикнуваат дружењето на учениците, при што поддршката од соучениците придонесува за добросостојба на самите ученици. Истовремено, квалитетното дружење позитивно влијае и врз емоционалните доживувања и однесување кај учениците.
Основната цел, при планирањето, организирањето и спроведувањето воннаставни активности е да се овозможат стекнување на занаењата, вештините и вредностите/ ставовите зацртани со Националните стандарди за основното образование, особено кога се работи за оние што не се покриени или не се доволно покриени со наставните активности. Притоа, посебен акцент се става врз занаењата, вештините и вредностите/ставовите вклучени во следните подрачја за соодветниот возрасен циклус на учениците: Личен и социјален развој, Демократска култура, мултикултура и граѓанство, Уметничко изразување и култура како и спорт и рекреација.
Како училиште за деца со посебни образовни потреби, кој располага со интернат кој работи 24/7, става посебен акцент за што поголема вклученост на разни вонnаставните активности кои се од особено значење и придонесуваат за **когнитивниот, социо-емоционалниот и психомоторниот развој на учениците**. Сите вонnаставни активности се **инклузивни и недискриминативни, привлечни за сите ученици и обезбедуваат активно учество на учениците.** Секогаш кога е можно, вонnаставните активности развиваат **интеркултурни компетенции кај учениците и ја поттикнуваат соработката на училиштето со родителите и со локалната заедница.** Во реализацијата на вонnаставните активности може да бидат вклучени и други припадници на **локалната заедница** како на индивидуално ниво, така и **на ниво на институција** (како, на пример, градинка, основни и средни училишта, дом за згрижување стари лица, културен дом) **или организација** (како, на пример, невладина организација или друг вид здружение на граѓани).

Се реализираат повеќе видови вонnаставни активности кои се разликуваат според должината на времетраењето:
**1.Краткотрајни вонnаставни активности**
<u>* излети и викенд екскурзии</u>
<u>* еднократни работилници</u>
<u>* акции во училиштето или во заедниците</u>
**2. Подолготрајни вонnаставни активности**
*<u>секции/клубови</u>

**Секции:**

1. Библиотекарско-медијаторска секција: Ивана Карајанова – претседател, Силвана С. Петковска, Драгана Кирковска, Јове Цветаноски
2. Домаќинска Секција: Жирова Тесалија – претседател, Константина Петреска, , Билјана Маслинко
3. Драмска секција: Ивана Карајанова, Софија Размовска - претседател, Марија Михајловска, Благој Насев
4. Еколошка секција: Елена Петровска – претседател, Никола Рајковски, Марија Митревска, Кристина Ѓорговска
5. Ликовна секција: Солаковски Димче
6. Рецитаторска секција: Силвана Симоновска-Петковска, Мимоза Ставревска - претседател, Тони Чавдаровски,
7. Ритмичко-балетска секција: Оливера Филиповска – претседател, Наумоска Марија, Весна Димовска,
8. Слободни спортски активности: Спировски Драган - претседател, Дарио Темелков и Томче Ѓоргиев
9. Фолклорна секција: Јовановска Даниела -претседател, Ивана Карајанова, Катерина Шаркоска, Драгана Кирковска
10. Секција на млади техничари: Дурлова Јасна
11. Секција за рачни изработки (креативна): Марија Михајловска – претседател, Анета Спировска, , Маре Стојменовска – Мицевска, Марија Лазароска, Софија Размовска, Ангела Пулеска
12. Фото секција: Димче Солаковски, Татјана Димитриевска - претседател, Елена Петровска, Благој Насев

Повремено или континуирано **можат да се реализираат и проекти** како посебен вид на еднократни вonнаставни активности. Проектите можат да бидат поддршка на постојните наставни предмети/области или да бидат во функција на други области. Може да бидат иницирани од страна на самото училиште во соработка со други училишта и организации и да бидат ограничени на локално или на државно ниво или да имаат меѓународен карактер.Исто така може да бидат иницирани од страна на други организации/институции, како од Министерството за образование и наука, од Бирото за развој на образованието, општината, меѓународни организации/донатори и евентуално да бидат реализирани од други организации/ институции кои добиле дозвола за тоа од страна на училиштето и од МОН. Проектите иницирани од други организации/институции имаат цел да се пилотира некоја нова програма и/или поинаков пристап и евентуално да се проверат ефектите од воведувањето на таква програма/пристап во образовниот систем.

Како посебен вид вonнаставни активности кои што се традиција долги години се **гостувања на училиштето надвор од земјава** со сродни установи како нашата.Исто така гостувањата можат да бидат и во рамките на проекти како Еразмус +, збратимени училишта и слично.

Во текот на **зимскиот и/или на летниот распуст**, училиштето може да организира и **кампови/школи** со цел на учениците да им се обезбедат организирани вonнаставниактивности во форма на концентрирани, целодневни активности во текот на неколку дена, една работна недела или нешто повеќе.Може да бидат наменети за поддршка на личниот и на социјалниот развој на учениците, да имаат спортско-рекреативен карактер и/или да задоволуваат други вonнаставни интереси на учениците. Училиштето може да организира такви активности само за свои ученици или да биде отворено и за ученици од други училишта во околината. Ваквите активности ги водат наставници од училиштето во соработка со родителите или други лица ангажирани за оваа намена.Се очекува реализацијата на ваквите активности да биде финансиски потпомогната од МОН, од локалната заедница, донатори, Сојуз на глуви и наглуви на РСМ и/или од општините и ЦСР од каде доаѓаат самите ученици.

За сите видови на воннаставни активности (излети, екскурзии, еднократни работилници, акции во училиштето или во заедниците, секции/клубови и сл. ) координаторите изготвуваат посебни програми, како анекси во Концептот за воннаставни активности и истите во текот на училишната година се реализираат.

Како ОУРЦ ,,Кочо Рацин,, за деца со посебни образовни потреби во воннаставните активности опфатени се и организираните слободни ученички активности:

а.) припрема на учениците за наредниот ден (учење со поддршка на училишните програми кои се реализираат од претпладне) односно усвојување на сознајно општествени вештини;

-се реализираат вежби за развивање на слушањето и говорот;

-вежби за развивање на когнитивните и другите способности на учениците;

-вежби за психомоторна реедукација;

-јазични односно гласовно говорни игри;

-вежби за ритмика во говорот;

б.) се реализира:слободно организирано време поврзано со рекреативни содржини (развивање на моторните и други вештини, игра, рекреација);

## 9.3Акции

Акционен план за оваа учебна година:

- Настап на фолклорната секција на прослави на локално и меѓународно ниво;
- Учество на хип хоп натпревар на локално ниво
- Учество во МОБ на фолклорната и креативната секција на наши ученици
- Учество на фолклорната секција по повод 3ти декември
- Реализација на програмата со планирани активности по повод патрониот празник
- Учество со сите ученици на приредбата по повод денот на крводарителите
- Одбележување на денот на детето со настапи на нашите ученици
- Одбележување на денот на аутизмот
- Ученичка работилница ,,Велигденско јајце,, - учество на основни и средни училишта од Битола
- Ученичка работилница по повод прием на првачината во детската организација
- Учество на детскиот маскенбал
- Организирање на дефиле на Широк Сокак во кое учество зедоа сите ученици од основните и средните училишта од Битола заедно со НВО Лајонс Кабадаја

- Ученички работилници со ликовната, креативната и домаќинската секција
- Продажни штандови од изработки на учениците креативната секција
- Соработка со локалната средина
- Соработка со меѓународната заедница
- Учество на спортски активности и работилници  на меѓународно ниво
- Учество со ученици на манифестацијата за деца со ПОП - Скопје се грижи
- Соработка со НУ Завод  и музеј – Битола
- Посета на кино и театар

## 10.Ученичко организирање и учество

Вклучени се учениците согласно наставните содржини и планираните вонnаставни активности

## 11.Вонучилишни активности

### 11.1.Екскурзии, излети и настава во природа

Планирани се есенски и пролетен илет со сите ученици, еднодневни екскурзии со ученици од трето одделение заедно со родителите, дводневна екскурзија со сите ученици, викенд екскурзија со сите ученици.

Одговорен наставник за изработка на програмата за екскурзии е Сузана Станоевска, а во нив активно учество земаат сите ученици.

### 11.2.Податоци за учениците вклучени во вонучилишните активности

Активно учество земаат сите ученици.

## 12. Ученички натпревари

Поради спецификата на установата се реализираат само спортските и ликовните натпревари, и тоа на локално ниво, но и на меѓународно ниво со слични училишта како нашето. Учениците со големо задоволство и во голем број се вклучуваат во спортските активности, додека во останатите активности сме активни учесници.

- ***Училиштен спорт***

Покрај редовните часови по ФЗО и изборните часови од спорт, учениците ги активираме и во спортските секции преку кои учествуваат во спортските натпревари на локално ниво, но и на меѓународно ниво, со училиште како нашето од други земји. Учениците со големо задоволство и во голем број се вклучуваат во спортските активности.

## 13.Унапредување на мултикултурализмот/интеркултурализмот и меѓуетничка интеграција

Училиштето води политика на позитивно вреднување и промовирање на етничката, културната, верската и јазичната разноликост во училиштето и заедницата. Учениците учат да ја почитуваат сопствената и културата и традицијата на другите етнички заедници во РСМакедонија, без оглед на која етничка група и припаѓаат и на кој јазик ја посетуваат наставата. Училиштето организира заеднички наставни и/или воннаставни активности наменети за културно/јазички мешани групи и ги користи сите други можни стратегии за да обезбеди меѓуетничка соработка на учениците и вработените од истото или со друго училиште.

Наставниците во своите наставни планирања имаат предвидени МИО содржини.

# АКЦИОНЕН ПЛАН ЗА МЕЃУЕТНИЧКА ИНТЕГРАЦИЈА ВО ОБРАЗОВАНИЕТО

| **Подрачје: Активности на и со учениците** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Активности** | **Очекувани резултати** | **Услови** | **Реализатори** | **Термин** |
| **Одбирање на класна заедница** | Функционална класна заедница | Обезбедување на материјали за тајно гласање | Одделенските раководители | Почеток на септември |
| **Следење на активностите на класната заедница** | Навремено извршување на обврските на класната заедница | Состанок со класните раководители | Членовите на класната заедница и класните раководители | На крај на секое тримесечје |
| **Одбирање на училишна заедница** | Демократско одбрана училишна заедница | Обезбедување на материјали за тајно гласање | Ученици и наставници | Почеток на септември |
| **Следење на работата на училишната заедница** | -Избрани тимови за дисциплина, редовност и хигиена<br>-Одржување на редовни средби за решавање на проблеми од интерес на учениците | Овозможени услови за состаноци на училишната заедница | Ученици и наставници | На крај на секое тримесечје |

| Подрачје: Атмосфера и опкружување | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Активност бр.** | **Очекувани резултати** | **Услови** | **Реализатори** | **Термин** |
| Новогодишен хуманитарен базар кој се одржува на различни дестинации низ град Битола | **Учениците:**<br>се запознаваат помеѓу себе разменуваат искуства и информации за традициите поврзани со празнувањето на Нова Година;<br>заедничко дружење;<br>зедничко приготвување на традиционална храна;<br>пеење на традиционални новогодишни песни | Состанок со учениците, поделба во групи за работа<br><br>Организирање на базарот<br><br>Координативна средба родители-наставници | Ученици од I до IX одд. и наставниците одговорни за овие активности, родители | Декември 2022 |
| Ликовен конкурс на тема „Народно творештво како трајна инспирација,, | **Учениците:**<br>работат заедно и се запознаваат меѓусебно со различните културни обележја на другарчето преку запознавање на народната носија и обичаи карактеристични за различните националности | Хамери,бои,ножици,хартија во бои и тековно доколку е нешто потребно | Учениците од VI до IX одд | Во текот на учебната 2022/23 година |

| Подрачје: Активности на наставниците | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Активности** | **Очекувани резултати** | **Услови** | **Реализатори** | **Термин** |
| **Средба со класните раководители и избор на наставни содржини од ОЖВ** | -Обезбеделен потребен баланс за порамноправни односи<br>-Учениците се запознаени со сличностите и разликите на различните етнички заедници | -Состанок со класните раководители<br>-Избор на наставни содржини | Класни раководители | Август 2022 год. |
| **Имплементирање на меѓуетничката интеграција во соодветни наставни содржини по одделни наставни предмети** | -Развивање на духовни вредности кај учениците за заедничко живеење, почитување на разликите, јазикот, културата, традицијата, потеклото | -Избор на наставни содржини од одредени наставни предмети<br>-Изготвени тематски и дневни планирања<br>-Работни материјали | Одделенски и предметни наставници,<br>ученици | Континуирано во текот на учебната 2022/23 година |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Учество во манифестацијата „Сонуваме менуваме " во главен град на Р.С.М. Скопје | **Учениците:**<br>се запознаваат помеѓу себе,<br>разменуваат искуства и заедничко дружење,<br>социјална интеграција,<br>промовирање на училиштето | Состанок со учениците, поделба во групи за работа<br><br>Координативна средба родители-наставници | Ученици од I до IX одд. и наставниците одговорни за овие активности;<br><br>Ученици кои ќе настапуваат;<br><br>Ученици како публика (различна етничка група) | Декември 2022 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Организирана посета на Интернационалниот фестивал на филмската камера „Браќа Манаки“ - Битола | **Учениците:**<br>се запознаваат помеѓу себе,<br>разменуваат искуства и заедничко дружење,<br>социјална интеграција,<br>развивање на културната свест | Состанок со учениците,<br>поделба во групи за работа;<br><br>Координативна средба родители-наставници | Ученици од I до IX одд. и наставниците одговорни за овие активности | Септември 2022 |
| Посета на Музеј - Битола по повод Европскиот ден на музеите; | **Учениците:**<br>се запознаваат со културното наследство и неговата достапност за лицата со оштетенслух,<br>се запознаваат помеѓу себе<br>разменуваат искуства и заедничко дружење,<br>социјална интеграција,<br>развивање на културната свест | Состанок<br>Со учениците,<br>поделба во групи за работа | Ученици од IV до IX одд. и наставниците одговорни за овие активности | Октомври2022 |
| Одбележување на 3-ти Декември – Светскиот ден на лицата со ПОП | **Учениците:**<br>се запознаваат помеѓу себе<br>разменуваат искуства и заедничко дружење;<br>социјална интеграција;<br>развивање на културната свест | Состанок со учениците,<br>поделба во групи за работа;<br><br>Координативна средба родители-наставници | Ученици од подготвително до IX одд. и наставниците одговорни за овие активности | Декември 2022 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Меѓународен ден на детето (учество по повод кампањата за борба против секаков вид на физичко и психичко насилство врз децата) | **Учениците:**<br>се запознаваат помеѓу себе,<br>разменуваат искуства и информации за борбапротивсекаковвидна физичко и психичконасилство | Состанок со учениците, поделба во групи за работа | Ученици од I до IX одд. и наставниците одговорни за овие активности;<br><br>Ученици кои ќе настапуваат;<br><br>Ученици како публика (различна етничка група) | Ноември 2022 |
| Организација на Црвено - бела забава во рамките на Основното училиште со ресурсен центар | **Учениците:**<br>се запознаваат меѓусебно со различните културни обележја на другарчето;заедничко дружење;<br>социјална интеграција | Состанок со учениците, поделба во групи за работа<br><br>Координативна средба родители-наставници | Ученици од I до IX одд и ученици од сите редовни училишта од општина Битола и соседните општини низ регионот | Декември 2022 |
| Учество во разни натпревари од различен карактер во училиштата низ град Битола и соседниот регион | **Учениците:**<br>развиваат натпреварувачки дух;<br>заедничко дружење;<br>социјална интеграција | Состанок со учениците, поделба во групи за работа | Ученици од IV до IX одд. и наставниците одговорни за овие активности;<br><br>Ученици кои учествуваат во натпреварот;<br><br>Ученици како публика (различна етничка група) | Во текот на учебната 2022/23 година |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Дефиле ,,Обои ме во пријател” | **Учениците:**<br>се запознаваа со различностите;<br>заедничко дружење;<br>социјална интеграција | Состанок со учениците, поделба во групи за работа;<br><br>Координативна средба родители-наставници | Ученици од I до IX одд. и наставниците одговорни за овие активности; | Декември 2022 |
| Изработка на модели од рециклирани материјали-модна ревија | **Учениците:**<br>работат заедно и се запознаваат меѓусебно со различните културни обележја на другарчето преку запознавање на народната носија и обичаи карактеристични за различните националности | Состанок со учениците, поделба во групи за работа | Ученици од I до IX одд. и наставниците одговорни за овие активностии ученици од СОУ,,Таки Даскало “-Битола | Март 2023 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Ликовна работилница заедно со членови на ателје „СОЛАК” - Битола | **Учениците:**<br>работат заедно и се запознаваат меѓусебно со различните културни обележја на другарчето преку запознавање на народната носија и обичаи карактеристични за различните националности. | Состанок со учениците, поделба во групи за работа | Ученици од I до IX одд. ,наставниците одговорни за овие активностии членови на ателје „СОЛАК” - Битола | Април 2023 |
| Активности и работилници по повод празнувањето на христијанскиот верски празник Велигден со редовните училишта од град Битола и соседниот регион | **Учениците:**<br>се запознаваат помеѓу себе<br>разменуваат искуства и информации за традициите поврзани со празнувањето на христијанскиот верски празник Велигден;<br>заедничко дружење;<br>зеднички приготвување на традиционална храна;<br>пеење на традиционални празнични песни | Состанок со учениците, поделба во групи за работа | Ученици од I до IX одд. и наставниците одговорни за овие активности | Април 2023 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Соработка со библиотеката – активности и реализација на проекти | **Учениците:**<br>се запознаваат помеѓу себе<br>разменуваат искуства и информации за книгата<br>развивање љубов и интерес за читање книги | Состанок со учениците, поделба во групи за работа | Ученици од I до IX одд. и наставниците одговорни за овие активности | Февруари 2023 |
| Учество во НІР – НОР натпревар | **Учениците:**<br>Развивање натпреварувачки дух<br>Заедничко дружење<br>Социјална интеграција | Состанок со учениците, поделба во групи за работа | Ученици од IV до IX одд. и наставниците одговорни за овие активности<br>ученици со кореографија и ___ ученици како публика (различна етничка група) | декември 2022 |
| Ротари клуб:Ликовни творби со мозаици за печатење на новогодишни честитки | **Учениците:**<br>се запознаваат помеѓу себе<br>разменуваат искуства и информации за традициите поврзани со празнувањето на Нова Година<br>заедничко дружење<br>зедничко приготвување на традиционална храна<br>пеење на традиционални новогодишни песни | Состанок со учениците, поделба во групи за работа | Ученици од I до IX одд. и наставниците одговорни за овие активности и членови од Ротари клубот | декември.2022 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Учество воемисијата „ Во светот на тишината “ која се емитува на МРТ на Р.С.М. | **Учениците:**<br>се запознаваат помеѓу себе,<br>разменуваат искуства и информации за традициите поврзани со празнувањето на Нова Година;<br>заедничко дружење;<br>изведба на песни, ора, драматизации и сл. | Состанок со учениците, поделба во групи за работа | Ученици од I до IX одд. и наставниците одговорни за овие активности | декември 2022 |
| Рабтилници во соработка со Црвен Крст | **Учениците:**<br>Обуки на децата за давање на прва помош со можност за настап на општинско и државно натпреварување | Состанок со учениците, поделба во групи за работа | Ученици од I до IX одд. и наставниците одговорни за овие активностии родители | Во текот на учебната 2022/23 година |

| **Подрачје: Соработка со родителите/општината/други училишта** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Активности** | **Очекувани резултати** | **Услови** | **Реализатори** | **Термин** |
| **Проекти со регионалната заедница** | Посета на историски и верски објекти | Организирање на посета со одговорните на музејот во Битола | Одделенска и предметна настава | Во текот на учебната година |
| **Соработка со родителите** | Организирање на празници | Успешно одржување на настаните | Родители<br>и одговорни наставници за тие активности | Во текот на учебната година |

| **Подрачје: Активности на и со учениците** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Активности** | **Очекувани резултати** | **Услови** | **Реализатори** | **Термин** |
| **Организирање на спортски турнири и натпревари помеѓу учениците од основното училиште со ресурсен центар и основни и средни училишта** | -Дружење низ игра<br><br>-Развивање натпреварувачки дух | Обезбеден простор за спроведување на спортските активности | Ученици и наставници по ФЗО | Во текот на учебната година |
| **Проект ( работилница ) „ Ние сме Музеј„** | -Запознавање со културното наследство и неговата достапност за лицата со ПОП<br>-Се запознаваат помеѓу себе и разменуваат искуства | Се обезбедува простор како и потребните материјали и средства за изведување на активноста | Ученици и наставници | Во текот на учебната година |
| **Проект (работилници)**<br>Сите секции од училиштето | Стекнување увид во сличностите и разликите во верските и национални обележја | -Изготвување на материјали кои покасно ќе бидат употребени во активностите од страна на учениците;<br>-Обезбедување на простор каде ќе се изведува активноста;<br>-Активностите ќе се продолжат и преку интернет комуникација; | Ученици и наставници | Во текот на учебната година |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | -Патување до предлог партнер на училиштето | | |

| Подрачје: Активности на наставниците | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Активности** | **Очекувани резултати** | **Услови** | **Реализатори** | **Термин** |
| **Консултативна средба и размена на искуства на наставниците од предлог партнер училиштата (размена на планирања, наставни помагала, изработени тестови, инструменти за формативно и сумативно оценување...итн)** | Стимулирање на наставниците за редовно и долгорочно соработување на професионален план<br><br>Развивање на меѓуетнички односи, подигнување на интеракцијата меѓу припадниците на различните етнички групи, креирање на кооперативна атмосфера за меѓусебно помагање, толеранција и соживот | -Организација за заедничка средба<br><br>Обезбедени простории<br><br>Интернет комуникација<br><br>Подготвени наставни материјали за размена | Наставници од предлог партнерското училиште според МИО критериуми | Во тековната учебна година 2022/2023 год. |

| Подрачје: Соработка со родителите/општината/други училишта | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Активности** | **Очекуванирезултати** | **Услови** | **Реализатори** | **Термин** |
| **Стручни средби на ниво на наставници** | -Размена на стручни материјали<br><br>-Размена на планирања Инструменти за формативно и сумативно оценување | -Интернет комуникација<br><br>-Подготвени материјали за размена | Наставници од стручни активи | Во текот на учебната година |

***Забелешка:***Во зависност од владеењето на пандемијата од вирусот Covid– 19 се напоменува дека активностите ќе се реализираат или воопшто нема да бидат реализирани во зависност од ситуацијата, епидемиолошката слика, мерките, протоколите и правилниците за работа на училиштата кои задолжително мора да се почитуваат за заштита од вирусот Covid– 19.

**14.Проекти што се реализираат**

Активно учествуваме во сите понудени проекти од страна на МОН, невладини организации, странски инвеститори, меѓуетничка интеграција, форуми и др.

**15.Поддршка на учениците**

**15.1.Постигнување на учениците**

- ***Постигнување на учениците***

ОУРЦ располага со податоци за постигањата на учениците по пол и етничка припадност (и по јазикот на наставата), по сите наставни предмети и за сите квалификациони периоди. Се промовира уверување дека постигањата на сите ученици може да се подобрат. Врз основа на увидот во актуелните постигања на учениците (добиен преку интерни и екстерни тестирања), училиштето планира и презема конкретни активности за континуирано подобрување на постигањата на учениците од различен пол, етничка припадност.

Имаме систем за идентификација на учениците кои имаат тешкотии во учењето, надарените ученици, како и на учениците со посебни образовни потреби и континуирано го следи нивниот напредок. Најголемиот број наставници им обезбедуваат поддршка во редовната настава на учениците кои имаат тешкотии во учењето, на учениците со посебни образовни потреби, избирајќи активности соодветни на нивните можности и потреби. Во текот на целата учебна година, училиштето реализира дополнителна настава по сите предмети за кои учениците пројавуваат тешкотии во учењето и додатна настава за учениците кои покажуваат значителни резултати во определени области.

Училиштето континуирано ги следи постигањата на учениците при премин од еден во друг циклус и по завршување на основното и средното образование. Доколку се јават разлики во постигањата при премин од еден во друг циклус, училиштето ги анализира причините за ваквата појава и презема активности за нејзино надминување.

## 15.2. Професионална ориентација на учениците

### Професионално информирање и ориентирање на ученици

| Планирана програмска активност | Време на реализација | Реализатор | Целна група | Очекувани исходи и ефекти |
|---|---|---|---|---|
| Информирање на учениците со занимања на одделни струки учениците од IX одделение | Ноември,декември 2022 | психолог<br>стручни соработници | Ученици од IX одделение | Да се запознаат учениците со работните задачи на одделни занимања кои можат да ги извршуваат |
| Испитување на спретност на раце и прсти на учениците од IX одделение | Февруари и март 2023 | психолог | Ученици од IX одделение | Проценки на способностите на учениците |
| Посета на работни организации од текстилна и кондиторска струка. печатница и др. | Април 2023 | психолог<br>стручни соработници<br>директор<br>класен раководител | Ученици од IX одделение | Практично запознавање со работни задачи на одделни занимања |
| Изработка на цртеж на тема ‘Моето идно занимање’ | Мај 2023 | Наставник по ликовно образование | Ученици од IX одделение | Изразување на професионални желби и интереси преку цртеж |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Организирање индивидуални и групни разговори со ученици и родители | Јуни 2023 | психолог<br>стручни соработници<br>класен раководител,директор | Ученици од IX одделение | Помош и насочување на учениците кон идно занимање и професионално советување |
| | | | | |

**Напомена**: Оваа програма може да претрпи промени во смисла на дополнување  и проширување во текот на учебната година, во зависност од интересите и потребите на учениците и наставниците.

**15.3.Промоција на добросостојба на учениците за заштита од насилство од злоупотреба и запуштање, спречување, дискриминација**

## Програма за превенција од насилно однесување на учениците во ОУРЦ „Кочо Рацин„ Битола

| Планирана програмска активност | Време на реализација | Реализатор | Целна група | Очекувани исходи и ефекти |
|---|---|---|---|---|
| Давање предлози и идеи за начините за спречување на насилно однсување | Во текот на учебната година | Предметни наставници Психолог-стр.соработници | Учениците | Намалување и превенција на инциденти на насилно однесување |
| Секојдневни дежурства од страна на ученици за време на одморите со посебноместо и задачи на дежурниот ученик | Во текот на учебната година | Ученици од VI – IX одделение | Учениците | Ограничен пристап на надворешни лица во училиштето од безбедносни причини и развивање на чувство на одговорност и дисциплина |
| Секојдневно дежурство од страна на наставниците со определено место и задачи | Во текот на учебната година | Дежурен наставник на први и втори спрат | Учениците | Превенција од инциденти на насилно однесување |
| Секојдневно дежурство од страна на воспитувачи со определено место и задачи | Во текот на учебната година | Дежурен воспитувач во интернатот и еден дежурен воспитувач за време на одморите | Учениците | Превенција од инциденти на насилно однесување |
| Организирање работилници за ученици за справување со конфликти на конструктивен начин | Ноември 2022, февруари и март 2023 | НВО, домска заедница | Учениците | Стекнување знаења и вештини за справување и разрешување на конфликти |
| Вклучување во проекти на тема справување со насилство од страна на други институции | Во текот на годината | МВР на град Битола и НВО | Ученици, наставници психолог и стручни соработници | Стекнување знаења и вештини за справување и разрешување на конфликти и намалување нанасилството |

**Напомена**: Оваа програма може да претрпи промени во смисла на дополнување  и проширување во текот на учебната година, во зависност од интересите и потребите на учениците и наставниците.

## 15.3 Програма за антикорупциска едукација

Со програмата „Антикорупциска едукација за учениците од основните училишта“ се воспоставува вредносен систем што ќе ги промовира придобивките од доброто владеење и однесување. Заменувајќи ги лошите навики и пораки со добри и истакнувајќи ги позитивните примери, ученикот ќе може да ја препознае корупцијата и да се заштити од оваа негативна општествена појава.

Целите на програмата се учениците да се запознаат со поимите корупција, антикорупција, интегритет и етичност. Програмата ќе овозможи учениците да можат да ги препознаваат механизмите за спречување на корупцијата, да го сфатат штетното влијание на корупцијата во општеството, како и улогата на Државната комисија за спречување на корупција во Р.С.М и механизмите преку кои таа дејствува. При реализација на активностите се тргнува од развојните можности, возраста, способностите и интересите на учениците за коишто се наменети активностите. Сите активности се изведуваат во вонаставните активности во месеците март, април, мај. За сите активности времетрањето на часовите е 40 минути. Со тоа кај учениците се овозможува поттикнување на мултиперспективен развој во поглед на сфаќањето за светот кој ги опкружува.

Во наставната програма којашто е предложена во делот активности и методи, доминираат разновидни активности, кои имаат цел децата да ги разберат содржините, да ги анализираат и разберат поимите и појавите кои треба да им помогнат полесно да се вклучат во општествениот живот, како и да ги практикуваат стекнатите знаења. Поради составот на учениците во нашето училиште, во работилниците ќе бидат вклучени и родителите.

За реализација на програмата ќе бидат користени материјали од :
-„Прирачник за Програма за антикорупциска едукација на учениците од основните училишта“ Игор Јуруков, Сашо А.Николовски
- „Прирачник за образование за животни вештини за VII -IX одделение“

| Содржина | Цели | Активност | Реализација | Целна група | Време на реализација | Реализатор |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Предзнаења за корупцијата и антикорупција та | Да се согледаат предзнаењата на учениците | Прашалник за учениците | Пополнување на прашалникот од страна на учениците, обработка на истиот и анализа на добиените податоци | Ученици од ученичката заедница | Ноември | Тим за реализација на програмата |
| Стекнување на основни знаења за корупцијата и антикорупција та | Да се запознаат со поимите корупција, антикорупција, интегритет, социјален притисок, етичност;да знаат за облиците во кои може да се појави корупцијата и начинот на спречување и заштита од истата, да го сфатат штетното влијание на корупцијата во општеството | Предавање<br>Работилница | Говорна активност<br>Дискусија<br>Презентација | Ученици од ученичката заедница | Декември<br>Јануари | Тим за реализација на програмата |
| Причини и последици од корупцијата | Да ги препознаваат механизмите за спречување на корупцијата, да го сфатат штетното влијание на корупцијата во општеството, да ја сфатат улогата на Државната комисија за спречување на корупција во Република Македонија и механизмите преку кои таа делува. | Работилница<br>Предавање | Дискусија<br>Кратко предавање<br>Говорна активност | Ученици од ученичката заедница кои ќе вршат врсничка едукација | февруари | Тим за реализација на програмата |
| Активна борба против корупцијата | Да се запознаат што значи „одолевање на социјален притисок“ да знаат за облиците во кои може да се појави корупцијата и начините на спречување и заштита од истата;<br>Да ги препознаваат механизмите за спречување на корупцијата;<br>Да го сфатат штетното влијание на корупцијата во општеството | Работилница | Говорна активност<br>Дискусија<br>Презентација | Ученици од ученичката заедница | Март | Тим за реализација на програмата |
| Активна борба | Да анализираат како и каде може | Работилница | Подготовка на постери | ученичката | Април | Тим за |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| против корупцијата постери | да се појави корупцијата и како може да се спречи истата, да се стават во ситуација во која ќе имаат активна улога, преку која ќе разберат за антикорупцијата и за потребата од едукација; да се стават во улога на активни граѓани кои ќе придонесат за развојот на граѓанската култура во современото општество | | за запознавање на другите ученици и пошироката заедница за постапување против корупцијата | заедница | | реализација на програмата |
| Активна борба против корупцијата Ликовен конкурс | Истакнување на своето мислење за антикорупцијата преку ликовни творби | Ликовен конкурс | Презентација на ликовни творби и доделување награди | Ученици од VII- IX одд. | Мај | Тим за реализација на програмата и предметен наставник |
| Утврдување на знаењата за корупцијата и антикорупција та | Да се утврди што научиле учениците по реализацијата на програмата за антикоруптивна едукација | Прашалник за учениците и активности за повторување (краток квиз) | Пополнување на прашалникот од страна на учениците, обработка на прашалникот и анализа на резултатите | ученичката заедница | Мај Јуни | Тим за реализација на програмата |

Тим за реализација на програмата:
Директор
Секретар
Педагог
Наставник по граѓанско образование

## 16.Оценување

### 16.1.Видови на оценување и календар на оценување

Сите наставници користат различни методи и инструменти за оценување и континуирано го следат и оценуваат напредокот на учениците. Учениците се вклучуваат во оценувањето (преку самооценување, меѓусебно оценување, градење критериуми, водење портфолија и сл.). Приодите во оценувањето им овозможуваат на учениците да ги подобруваат постигањата.

Наставниците редовно им даваат повратни информации на учениците за нивната работа, дискутираат со учениците за нивниот напредок и постигањата. Голем акцент се става на вреднување на тековните постигања на учениците и на идентификување на идните активности што ќе се применуваат во учењето и поучувањето. Наставниците целосно ги искористуваат информациите добиени од оценувањето за да го евалуираат и подобрат планирањето и спроведувањето на наставата.

Наставниците во процесот на поучување користат различни техники со што им даваат можност на учениците со различни стилови на учење да научат најмногу што можат. Во оценувањето користат различни техники со што ги мотивираат учениците да учат и да го постигнат својот максимум.

Наставниците подготвуваат редовни извештаи и анализи по квартали за својата паралелка врз основа на индивидуалните евиденции за учениците . Изготвените извештаи и анализи по паралелки се доставуваат на увид на стручната служба и раководниот кадар и се целосно достапни за сите други наставници, за родителите и за самите ученици. Резултатите од анализите се користат за подобрување на воспитно-образовниот процес.

Исто така се прават и компаративни анализи – квартални, по наставни предмети и по одделенија, за една година, за 4 до 5 години од страна на педагогот и директорот.

Стандардите се базирани на принципи за квалитетно и фер оценување што се составен дел на Стандардите.

ПРИНЦИПИ

1.Оценувањето, пред се има за цел да ги подобри постигањата на учениците
2. Оценувањето обезбедува целосни информации за постигањата на ученикот
3. Оценувањето е составен дел на наставниот процес ( на учењето и на поучувањето)
4. Оценувањето се базира на користење на повеќе различни методи
5. Оценувањето е континуиран процес
6. Оценувањето е праведно
7. Оценувањето е транспарентно
8. Оценувањето е валидно и релијабилно

Во секој класификационен период се одржуваат Родителски средби на кои одделенскиот раководител ги известува родителите за постигнатите резултати на учениците. За време на родителските во училиштето се присутни и предметните наставници кои се подготвени да им дадат образложение на родителите за некое прашање. (Освен информирањето за постигањата на крајот на пропишаните периоди ( тримесечија, полугодие, крај на година ) родителите добиваат редовни информации во усна или писмена форма ( на индивидуални средби, писмени белешки , листи за проверка, коментари на пишани трудови на учениците и сл. )

Следењето се изведува индивидуално, групно и колективно во зависност од следената педагошка појава. Се врши по пат на соодветни инструменти и техники (усно и писмено проверување, тестови, писмени вежби, контролни задачи, набљудувања и др. ) со што се прибираат податоци, а потоа истите се евидентираат и обработуваат.

## 16.2Тим за следење, анализа и поддршка

-Директор
-Стручен соработник педагог
-Стручни активи по служби

Наставниците подготвуваат редовни извештаи и анализи по квартали за својата паралелка врз основа на индивидуалните евиденции за учениците . Изготвените извештаи и анализи по паралелки се доставуваат на увид на стручната служба и раководниот кадар и се целосно достапни за сите други наставници, за родителите и за самите ученици. Резултатите од анализите се користат за подобрување на воспитно-образовниот процес.

Исто така се прават и компаративни анализи – квартални, по наставни предмети и по одделенија, за една година, за 4 до 5 години од страна на педагогот и директорот.

## 16.3. Стручни посети за следење и вреднување на квалитетот на работата на воспитно образовниот кадар

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Работа со наставници почетници | Индивидуална | Воведување на новите наставници во воспитно-образовниот процес | Самостојно и со предм.наставн. | Септември 2022 година |
| Увид во Годишните планирања на наставниците | Индивидуална, дијалог | Квалитетен приод на наставниците кон наставата | Во соработка со стр.служба | |
| Увид во годишните програми на педагогот,психологот | Индивидуална, дијалошка | Поквалитетен приод на стручните служби во наставниот и вонnаставниот процес | Самостојно | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Давање насоки на наставници – почетници | Индивидуална | Оспособување за квалитетен приод<br>во образовно-воспитниот процес | Во соработка со<br>стр.служба | ***Октомври 2022 година*** |
| Увид во плановите на одделенските совети и одделенските раководители | Индивидуална, разговор | Наоѓање попогодни патишта за реализирање на планираното | Во соработка со<br>стр.служба | |
| | | | | |
| Увид во евиденцијата на одделенските дневници | Индивидуална | Средување и поквалитетно водење<br>на евиденцијата во дневниците | Самостојно | |
| Посета на часови во поготвителна настава | Индивидуална, Дијалошка,анализа | Поквалитетен пристап во наставата<br>и увид во реализ.на програмите | Во соработка со<br>стр. служба | |
| Посета на часови во одделенска настава | Индивидуална, Дијалошка,анализа | Поквалитетен пристап во наставата<br>и увид во реализ.на програмите | Во соработка со<br>стр.служба | |
| Посета на часови во предметна настава | Индивидуална,анализа | Поквалитетен живот на учениците во соработка со мајстот и домакин | Во соработка со<br>стр.служба | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Увид во работата на стручните активи во одделенска настава | Анализа, синтеза, разговори | Согледување на проблемите<br>во активноста | Во соработка со стр.служба | ***Неомври 2022 година*** |
| Посета на часови воподготвителна настава | Анализа,индивидуална,дијалошка | Поквалитетен пристап во наставата и увид во реализ. на програмите | Во соработка со стр.служба | |
| Посета на часови во одделенска настава | Анализа,индивидуална,дијалошка | Поквалитетен пристап во наставата и увид во реализ. на програмите | Во соработка со стр.служба | |
| Посета на часови во предметна настава | Анализа,индивидуална,дијалошка | Поквалитетен пристап во наставата и увид во реализ. на програмите | Во соработка со стр.служба | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Увид во работата на стручните активи | Анализа, разговор, консултации | Унапредување на работата на активите | Самостојно | Декември 2022 година |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Изготвување полугодишен извештај | Анализа, синтеза,генерализација, консултации | Исполнување законската обврска,согледување на состојбите заради преземање мерки за подобрување | Во соработка со стручната служба | ***Јануари 2023година*** |
| Проверка на дневниците и педагошката евиденција | Анализа, разговор, консултации | Подобрување на состојбите во водењето на педагошката евиденција | Во соработка со стр.служба | |

| Содржина на активностите | Форми на работа | Очекувани резултати | Реализатор | Февруари 2023 година |
|---|---|---|---|---|
| | | | | |
| Увид во работата на тимовите вклучени во проектите | Анализа, разговори, консултации | Унапредување на активностите за проектите што ги реализира нашето училиште | Во соработка со стр.служба и со тимовите | |
| Посета на часови во подготвителна настава | Анализа, разговори, договори | Поквалитетен пристап во наставата и увид во реализ. на програмите | Во соработка со стр.служба | |
| Посета на часови во одделенска настава | Анализа, разговори, консултации | Поквалитетен пристап во наставата и увид во реализ. на програмите | Во соработка со стр.служба и тимот | |
| Увид во работата на библиотеката | Анализа, консултации, договори | Зголемување интересот на учениците за библиотеката | Во соработка со одговорен наставник за библиотеката | |
| Увид во работата на предметна настава | Анализа, дијалог, договор | Поквалитетен пристап во наставата и увид во реализ. на програмите | Во соработка со стручната служба | |
| Увид во работата на секциите | Анализа, разговор, договори | Согледување и подобрување на состојбите | Во соработка со наставниците | |

| Содржина на активностите | Форми на работа | Очекувани резултати | Реализатор | Март 2023 година |
|---|---|---|---|---|
| Посета на часови во подготвителна настава | Анализа,индивиду-ална,дијалошка | Поквалитетен пристап во наставата и увид во реализирањето на програмите | Во соработка со стр.служба | |
| Посета на часови воодделенска настава | Анализа,индивиду-ална,дијалошка | Поквалитетен пристап во наставата и увид во реализирањето на програмите | Во соработка со стр.служба | |
| Посета на часови во предметна настава | Анализа,индивиду-ална,дијалошка | Поквалитетен пристап во наставата и увид во реализирањето на програмите | Во соработка со стр.служба | |
| Стручното усовршување на наставниците | Анализа | Согледување на состојбите и преземање мерки за подобрување | Во соработка со стр.служба | |

| Содржина на активностите | Форми на работа | Очекувани резултати | Реализатор | Април 2023 година |
|---|---|---|---|---|
| Состанок со претседатели на стручните активи | Анализа,индивидуал-на, дијалошка | Поквалитетен пристап во настава-та и увид во реализирањето на програмите | Во соработка со стр.служба | |
| Состанок со тимовите | Анализа,индивидуал-на, дијалошка | Поквалитетен пристап во настава-та и увид во реализирањето на програмите | Во соработка со стр.служба | |

| Содржина на активностите | Форми на работа | Очекувани резултати | Реализатор | Мај 2023 година |
|---|---|---|---|---|
| Анализа на реаллизата на дополни-телната и додатната настава | Анализа, разговори, консултации | Согледување на реализацијата на овие активности и резултатите од нив | Во соработка со стр.служби и наставниците | |

| Содржина на активностите | Форми на работа | Очекувани резултати | Реализатор | Јуни 2023 година |
|---|---|---|---|---|
| Анализа на успехот на крајот на учебната година | Индивидуална,фрон-тална,разговор,дија-лог | Согледувања како мочност за предлагање мерки | Во соработка со стр.служба | |
| Изготвување Годишен извештај | Анализа | Исполнување законската обврска и согледување на состојбите | Во соработка со стр.служба и со | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | наставниците | |
| Средување на севкупната документација | | Средена документација | Во соработка со стр.служба | |
| Подготовки за наредната учебна гоина | Разговори, консул-тации,договори | Успешен почеток на наредната учебна година | Во соработка со стр.служба | |

## 16.4. САМОЕВАЛУАЦИЈА НА ОУРЦ „КОЧО РАЦИН„ - БИТОЛА

***Анализа на состојбата***

- *Тимовите за анализа и согледување на состојбите-самоевалвација*
- *Тимовите за развој и развојно планирање*

*(Во тимовите беа вклучени сите наставници распоредени во 7 тимови, координатор-педагогогот сите под раководство на директорот)*

SWOT анализа

| S ***(јаки страни)*** | **W*(слаби страни)*** |
|---|---|
| • *Соодветен стручен кадар*<br>• *Опременост со компјутери за работа на кадарот*<br>• *Техничка опременост на одделот за индивидуални третмани*<br>• *Добра соработка со родителите и советодавна работа со семејствата*<br>• *Сите наставници вклучени во обуки и дисеминации*<br>• *Наставниот кадар припремен за промени*<br>• *Интерни семинари*<br>• *Добра соработка со локалната средина*<br>• *Стратегија за развој и проширување на дејноста* | • *Законска верификација за проширената дејност Нецелосно оградување на дворната површина*<br>• *Неопременост на одредени кабинети од предметна настава*<br>• *Невклученост на наставниците при изработката на новите Н.Пл.Програми*<br>• *Доопремување на занималните за слободно време на учениците*<br>• *Уредување на училишниот* |

| | |
|---|---|
| • *Добро опремени училници*<br>• *Наставници ментори*<br>• *Обезбедување на инд. помагала (слушни апарати, очила и сл.)*<br>• *Добро функционирање на стручните активи*<br>• *Добро опремена сензорна соба*<br>• *Развиена мрежа за континуирано следење на развојот на учениците*<br>• *Грижа и поддршка на учениците преку целата година*<br>• *Добиена е верификација за работа на ОУРЦ ,,Кочо Рацин,,* | *двор*<br>• *Подобрување на објектот од безбедносен аспект*<br>• *Подобрување на енергетската ефикасност на објектот - реновирање на фасадата*<br>• *План за спроведување на атмосферските води*<br>• *Да се превземат активности за соодветно настапување на сите наставни предмети*<br>• *Пристапот до тоалетите да се прилагоди на потребите на учениците со телсни пречки во развојот*<br>• *Да се превземат мерки за обезбедување на хидранти*<br>• *Да се превземат мерки за обезбедување на ресурси за осовременување и олеснување на наставниот процес* |
| **О*(можности-приоритети)*** | **Т*(закани)*** |
| • *Дневен престој(внатрешни и надворешни деца)*<br>• *Законска верификација за проширената дејност*<br>• *Опремување на кабинетите од предметна настава*<br>• *Вклученост на наставниците во измена и дополнување на Н.Планови и Програми*<br>• *Вклученост на учениците на општински, републички и меѓународни манифестации и* | • *Прекин на упис на деца од учебната 2023/2024 година*<br>• *Намалување на бројот на учениците*<br>• *Укинување на посебниот додаток за учениците со интернатско сместување*<br>• *Вработување на дефектолози во редовните училишта*<br>• *Немање на закон за специјално* |

| | |
|---|---|
| *натпревари*<br>• *Соба за Сензорна интеграција*<br>• *Занималните за слободно време на учениците*<br>• *Уредување на училишниот двор*<br>• *Подобрување на објектот од безбедносен аспект*<br>• *Подобрување на енергетската ефикасност на објектот*<br>• *Соработка со невладини организации*<br>• *Учество во нови развојни проекти*<br>• *Подобрување на редовноста на учениците*<br>• *Континуитет во стручното усовршување на кадарот*<br>*- Соработка со МОН, БРО, Институт за дефектологија на РМ и др.*<br>*- Соработка со установи надвор од РМ*<br>• *Постигнување на поголем успех кај учениците со продолжување на користење на веќе постоечките програми за секоја попреченост* | *образование*<br>• *Курсеви и обуки за обучување на наставниот кадар во редовните училишта за работа со деца со посебни потреби*<br>• *Поддршка на инклузијата по секоја цена преку проекти на НВО и меѓународни организации*<br>• *Закана во однос на постигнатиот успех со учениците со различни потешкотии во развојот заради наметната реализација на новата концепција на наставните програми.* |

**17.Безбедност во училиштето**

За обезбедување на безбедноста на установата и учениците кои престојуваат превземени се следниве мерки за безбедност:
-поставена е патент брава со картица
-програма за заштита од елементарни непогоди и симулациони активности
-ноќен стражар
-монтирани видео камери
-противпожарен систем ППА
-дополнителен влез-излез во случај на елементарна непогода
-громобран
-редовно се врши емитација на тревога и нејзина практична реализација со водење записници за истата

Оваа година се постави видео надзор во училишниот двор и се обезбеди систем на клизачко затворање на дворната врата.

## 18.Грижа за здравјето

При амбулантата на ОУРЦ ,,Кочо рацин,, континуирано се следи здравственат состојба на сите ученици, се прегледуваат и се упатуваат на повисоко ниво за дијагноза и лекување. Се дава соодветна терапија на болните деца и се укажува прва помош на децата.
По потреба болните деца се изолираат во посебна просторија.
Се соработува со здравствени центри во другите градови ако за тоа има потреба.
За здравствената состојба на учениците се известува директорот и во соработка со него и соодветниот персонал како и родителите на децата.
Се води картотека за секое дете и медицински дневници како и дневник за терапија.
За унапредување на здравјето на учениците освен со директорот се соработува и со социјалниот работник, педагог, психолог, воспитно-наставен кадар, негователи и кујна.
Се изготвува листа за исхрана за учениците кој е во согласност со нормативите за дневен внес на минерали, витамини и дневните енергетски потреби према возрасни групи. Оваа листа на јадење е усогласена со правилникот за стандарди за исхраната од страна на МОН.
Континуирано се врши контрола на хигиената во сите простории со цел да се обезбедат оптимални услови за престој во истите.
Покрај горенаведеното се спродведува едукација преку здравствено воспитување на учениците.
Секојдневно се врши контрола на HACCP системот во кујната.

## 18.1. Хигиена на училиштето

Целта на здраствената заштита на децата кои се наоѓаат во ОУРЦ е создавање на оптимални услови за нивен психофизиолошки развој. Медицинската сестра во рамките на своите обврски ќе ги реализира следниве задачи: превенција од заразни и други болести, лечење (давање терапија), вршат систематски прегледи (општи и стоматолошки), вршење надзор и давање предлози за надминување на неповолните услови за просториите каде престојуваат учениците, просториите каде се хранат, ја одржуваат личната хигиена и т.н. , вршат надзор над учениците дали и како се хранат.

ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА АМБУЛАНТАТА И ЗДРАВСТВЕНО ВОСПИТУВАЊЕ ЗА УЧЕБНАТА 2022/2023 ГОДИНА

Здравствениот персонал (медицинска сестра) во рамките на своите обврски, а во координација со директорот и останатиот персонал реализираат активности кои опфаќаат повеќе сегменти и се од голема важност. Во кратки црти тоа е следното:
При амбулантата сите ученици се прегледуваат при прием и за сите забележани аномалии и состојби се превземаат соодветни мерки, за што се известува директорот, а во соработка со него и соодветниот персонал и родителите.

## 18.2.Систематски прегледи

Задолжителни систематски прегледи се вршат во септември и опфаќаат:

1. Општ лекарски преглед

- Раст и развој
- Физикален преглед
- Клинички наод по системи и органи
- Лабараториски анализи (крвна слика и уринарен статус)
- Микробиолошки анализи(брис од нос и грло по потреба)
- Стоматолошки преглед во соработка со детска превентивна стоматолошка служба ЈЗУ Здравствен дом – Битола
- Антропометриски мерења

## 18.3. Вакцинација

Се води дневник за вакциналниот статус и континуирано се вакцинираат ушениците во завиност од календарот за вакцинација при службата за вакцинација во склоп на ЈЗУ Здравствен дом – Битола.

| Содржини | Цели и очекувани ефекти | Релизатори | Материјал и содржини | Период на реализација |
|---|---|---|---|---|
| **Хигиената - половина здравје** | Стекнување здрави хигиенски навики | Медицинска сестра | Прибор за лична хигиена<br>Работилница | Септември |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Осигурување на учениците од повреди** | Заштита на учениците | Осигурителна компанија Социјален работник | Список на ученици | Септември Октомври |
| **15- септември Светски ден на прва помош** | Значење на првата помош | Медицинска сестра | Практични вежби | Септември |
| **29-ти септември Светски ден на срцето** | Здрава исхрана и физичка активност во превенција на кардиоваскуларни заболувања | Медицинска сестра | Едукативен материјал | Септември |
| **16-ти октомври Светски ден на храната- Здрава исхрана** | Стекнување на здрави навики во исхраната | Лекар Медицинска сестра | Пирамида на исхраната Дегустација на зеленчук и овошје | Октомври |
| **Систематски прегледи** | Мерки за заштита и превенција и навремено откривање на болести | Матичен лекар | Документација | Октомври |
| **Дрога и последици од неа- Среќен наркоман не постои** | Препознавање Превенција Последици | Медицинска сестра | Визуелен едукативен материјал Работилница | Октомври |
| **14-ти ноември ден на борба против дијабетес** | Запознавање со опасностите од шеќерната болест | Медицинска сестра | Едукативен материјал | Октомври |
| **1-ви декември светски ден на борба против сидата Сида** | Едукација и поттикнување на чување на репродуктивното здравје и превенција од полово прносливи болести | Медицинска сестра | Работилница со изработување на црвена трака-знакот на сидата | Декември |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Заразни болести** | Превенција од заразни болести | Медицинска сестра | Визуелен едукативен материјал | Декември |
| **Грип и капкови заразни болести** | Превенција од заразни болести | Лекар Медицинска сестра | Визуелен едукативен материјал | Јануари |
| **Болести на зависност-борба против алкохолизам** | Препознавање Превенција последици | Медицинска сестра | Визуелен едукативен материјал Работилница | Февруари |
| **Содржини** | **Цели и очекувани ефекти** | **Реализатори** | **Материјал и содржини** | **Период на реализација** |
| **17-ти март ден на крводарителство во РМ** | Запознавање и значење | Медицинска сестра | Едукативен материјал | Март |
| **24-ти март светски ден на борба против туберкулозата** | Запознавање Начин на зараза и превенција | Медицинска сестра | Визуелен едукативен материјал | Март |
| **7-ми април светски ден на здравјето** | Дефиницij за здравје по СЗо | Медицинска сестра | работилница | Април |
| **Развојни фази кај човекот и полови разлики- Ние сме во пубертет** | Запознавање со психофизичките промени кои настануваат во пубертетот | Медицинска сестра | Едукативен материјал | Април |
| **Менструален циклус кај девојчињата** | Запознавање со промените кои настануваат со започнување на менструалниот циклус | Лекар Медицинска сестра | Едукативен материјал | Април |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Вакцинација** | Значењето на вакцините и превенција од заразни болести | Лекар Медицинска сестра | Документација | Континуирано |
| **Да ги заштитиме забите од кариес** | Стекнување на навики во храната | Лекар Медицинска сестра | Визуелен едукативен материјал | Мај |
| **8-ми мај Ден на црвениот крст** | Запознавње | Лекар Медицинска сестра | Посета на Црвен крст | Мај |
| **31-ви мај светски ден против пушењето** | Запознавње со последиците од пушењето | Лекар Медицинска сестра | Визуелен едукативен материјал | Мај |
| **Против Епидемиолошки мерки** | Заштита од заразни болести | ЈЗУ Центар за јавно здравје | Документација | По планот на институцијата |

## 18.4. Едукација за здрава исхрана

Овие содржини се дел од програмата за здравствена заштита и се реализират преку работилници и предавања во текот на учебната година.

## 19.Училишна клима

Училишната клима е една од компонентите на внатрешната структура на училиштето. Предностите на тимската работа и ефектите во училиштето и општо, се повеќекратни. Преку развојот на тимската работа, јакне чувството за демократичност во работењето, а вработените партиципираат во донесувањето на одлуките. Доаѓа до синергија при решавањето на организациските, процедуралните, педагошките, наставно - содржинските прашања и проблеми. Таа овозможува пренесување и разменување на стручното и педагошкото знаење меѓу наставниците. Вработените добиваат чувство на поголема самостојност во работењето, што од своја страна заедно со чувството за вклученост и можност за докажување на сопствените вредности, мотивира.

Тимската работа овозможува делегирање на овластувања и одговорности, со што го растоварува менаџментот во училиштето. Од особена важност за училиштата е тоа што преку тимската работа се овозможува корелација меѓу наставните содржини по различните предмети.

***"Успехот се мери преку поединечни и заеднички успеси на лидерот, вработените и учениците"***

## 19.1. Дисциплина

Дисциплината на учениците е многу добра. Постои работна атмосфера за време на наставата и воннаставните активности, а вработените постојано се грижат за однесувањето и безбедноста на учениците за време на одморите, приемот на учениците и нивното заминување од училиште. Учениците се совесни и соработуваат со кадарот и меѓусебно, и учтиво се однесуваат. Вработените внимателно, но авторитетно се справуваат со проблеми кои се однесуваат на дисциплината и редовноста, поради што нема прекини во учењето и наставата. Училиштето соодветно го применува правилникот за изрекување на педагошки мерки.

## 19.2. Естетско и функционално уредување на просторот во училиштето

- Училишниот простор ги исполнува условите за изведување на настава според Нормативот. Постојат соодветни и пријатни просторни услови за одвивање на наставата, за работа на наставниот кадар и за организирање на воннаставни активности за учениците. Големината на училниците соодветствува на бројот на ученици во паралелките.
- Училиштето има јасен план и распоред и максимално ги користи расположивите капацитети за изведување на наставата и на воннаставните активности, со што ги задоволува потребите на учениците.
- Има комисија за естетско уредување по повод разни пригоди, празници и свечености.

## 19.3 Етички кодекси

а) етички кодекс на однесување на наставниците
б) етички кодекс на однесување на учениците
в) етички кодекс на однесување на родителите
г) културно однесување за време час
д) куќен ред

## 19.4.Односи меѓу сите структури

Наставникот создава училишна клима во која секој ученик и вработен се чувствува сигурно,почитувано и пријатно.

## 20.Професионален и кариерен развој на воспитно образовниот кадар

Континуираното унапредување на воспитно-образовниот систем и неговото усогласување со барањата на современото општество неизоставно бара унапредување на квалитетот на наставниот процес по пат на воведување на иновации и по пат на професионалниот развој на наставникот. Професионалниот развој на наставникот е процес кој се однесува на постојано развивање на знаења, вештини и способности и допринесува за подобрување на квалитетот на работата, зајакнување на мотивацијата и развој на системот на вреднување и самовреднување. Професионалниот развој на наставникот е отворен, динамичен и траен процес кој подразбира и пренесување на нови знаења од различни професионални области и научни дисциплини во светот на праксата, како и следење на европските трендови во поглед на подобрување на квалитетот на образование.

Динамичниот развој на општеството условува отвореност и постојана подготвеност на вработените во воспитно-образовните установи за усвојување на нови знаења и стекнување на нови вештини. Последно време во светот се промовира “доживотно/целоживотно” учење кое претставува долорочен процес и обезбедува и осигурува континуиран раст и развој на професионален план. Доживотното образование се користи како синоним на поимот за целоживотно образование и означува континуиран (траен, постојан перманентен) процес кој се однесува на образование од завршување на некој степен на формално образование (обично после задолжително образование) до смртта или до крајот на работниот век, а целоживотното образование се однесува на образование во текот на целиот живот (од раѓање до смрт).

### 20.1.Детектирање на потребите и приоритетите

Добриот училиштен систем за професионален развој им овозможува на сите вработени да добијат подршка соодветна на нивните индивидуални потреби, за да одговорат на потребите на учениците. Меѓутоа, одговорноста за професионалниот развој и за ефектите од него е лична одговорност на секој поединец.

Планирањето на професионалниот развој првенствено се базира на самоевалуација преку која секој поединец ги идентификува своите јаки и слаби страни, како и подрачјата за подобрување. Од тука, училиштата треба да поттикнуваат практика на објективна и искрена самоевалуација на наставниците и на стручните соработници.

Ретко кога сериозен напредок во работата се случува случајно. Затоа неизбежно е професионалниот развој да се планира, а основна цел на планирањето да биде изнаоѓање на ефективни начини за надминување на јазот меѓу посакуваното и постојното ниво на квалитет на воспитнообразовниот кадар.

Професионалниот развој е континуиран процес на подобрување на квалитетот на работата на вработените. Во овој процес улогата на директорот е клучна и тоа првенствено преку соодветно вреднување на работата и правично распределување на средствата и можностите за стручно усовршување.

## 20.2 Активности за професионален развој

Професионалниот развој на вработените како процес на перманентно усовршување и подобрување служи пред се за: усовршување и подобрување на знаењата и вештините од нивната потесна структурална област ( за поединец или група како на пример стручен актив) и усовршување и подобрување на знаењата и вештините од педагошката практика и училничкиот менаџмент (форми, методи, стратегија на учење и поучувае) – се однесува за сите вклучени дирекно во наставата како на пример наставниците, соработниците во наставата, директорот...

Системот кој се употребува за професионален развој, е во согласност со училишната култура и воспоставената клима за за работа на ОУРЦ (куртулорошки и законски аспект). Затоа овој процес на професионален развој е составен од повеќе етапи-фази:

-се започнува со работно воведување на нововработените (поучување) преку поставување менторство (ментор)

-лично усовршување (усовршување на поединецот) преку усовршување на знаењата и вештините за користење на сурдотехничките апарати и други помагала, користење на информатичко-комуникациската технологија, стекнување на социјални вештини како на пример тимска работа, деловно комуницирање, лидерство... Тука се користи литература, симпозиуми, семинари, различни форми на обука, студиски престои и т.н

## 20.3. Личен професионален развој

Професионалниот развој ќе биде ефективен ако излегува во пресрет на индивидуалните потреби на наставникот и ако не се смета за однадвор наметната обврска. Но за да се изработи остварлив годишен личен план за професионален развој потребно е да се земат предвид, од една страна сознанијата од самопроценка на сопствените компетенции, потреби, интереси, професионални аспирации, а од друга страна приоритетите на училиштето и реалните можности за остварување на желбите и плановите (пр:финансислите средства, достапност на одредени облици на стручно усовршување и сл). На професионалниот развој треба да се гледа како на алатка за подобро организиран и поефективен професионален развој на секој поединец во училиштето. Тој на наставникот му овозможува:

- Систематско развивање на компетенциите што му се потребни
- Подобрување на воспитно-образовната работа
- Достигнување на стандардите за повисоки знаења и напредувања во кариерата.

Подготвувањето на лични планови за професионален развој и нивно усогласување со училишните приоритети и можности, му овозможува на училиштето:

- Почитување и излегување во пресрет на индивидуалните потреби на вработените за професионален развој
- Порационално користење на човечките и материјални ресурси
- Подобрување на соработката преку различни форми на колегијално учење и менторска подршка.

Според новиот приод за професионален развој, секој поединец на систематски начин ги идентификува личните потреби и превзема одговорност за понатамошно градење на компетенциите користејќи разни форми на учење. Компетенциите претставуваат столб на системот за професионален развој на севкупниот воспитно-образовен кадар и служат како основа за евалуација и самоевалуација на наставниот кадар.

## 20.4 Хоризонтално учење

Хоризонталното учење (учење на едни од други) подразбира различни видови на организирано и планирано пренесување на знаења или размена на професионални искуства во училиштето или меѓу училиштата.

Хоризонталното учење се остварува преку изведување, присуство или анализирање на нагледни часови, прикази од стручни теми, известување за и од стручни средби или семинари, држење на семинари за колегите, запознавање на колегите со сопствени иновативни методи или пристапи, колегијална менторска подршка и сл.

## 20.5.Кариерен развој на воспитно образовниот кадар

# УЧИЛИШНА ПРОГРАМА ЗА ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ

**Училиште – ОУРЦ “КОЧО РАЦИН” – Битола ,учебна 2022/2023г.**

| компетенции | тема/ наслов/ носител | активности за и форми на професионален развој | очекувани исходи | вид на професионален развој | потребни ресурси | учесници (име и презиме) | улога на учесниците | Време на реализација |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Планирање и подготовка на наставата и извештаи за работа | Анализа на старите планирања и извештаи и ревидирање на новите | СА и индивидуално | Адаптирање на наставните цели према можностите на учениците | Индивидуален, колаборативен | Програми и други материјални ресурси | Наставен и стручен кадар | учесници | континуирано |
| Монтесори педагогија | Новини во работата со децата со ПОП | Разни форми на стручно усовршување | Развивање на дејноста, поквалитетни човечки ресурси | Индивидуален, колаборативен | Програми и други материјални ресурси | Наставен и стручен кадар | учесници | континуирано |
| Соработка со соодветни институции и професори заради запознавање со новини во областа на работа со деца со ПОП | Новини во работата со децата со ПОП | Разни форми на стручно усовршување | Развивање на дејноста, поквалитетни човечки ресурси | Индивидуален, колаборативен | Програми и други материјални ресурси | Наставен и стручен кадар | учесници | континуирано |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Професионален развој,планирање усовршување | Изработка на план за личен професионален развој | Работа по СА и ТПР | Изработка и планирање на ЛПР | Индивидуален и интерна обука | Power point презентација и работни материјали | Наставен и стручен кадар | учесници | Септември |
| ИКТ | Примена на ИКТ во работата | Работа по СА | Современ пристап во работењето | Индивидуален | Компјутерски програми | Наставен и стручен кадар | учесници | континуирано |
| Проектни активности | Имплементација во наставните и вонаставните содржини | Работа по СА | Реализација на содржините | Индивидуален, колаборативен | Програми и други материјални ресурси | Наставен и стручен кадар | учесници | континуирано |

| компетенции | тема/ наслов/ носител | активности за и форми на професионален развој | очекувани исходи | вид на професионален развој | потребни ресурси | учесници (име и презиме) | улога на учесниците | Време на реализација |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Инструменти, методи и техники во дијагностика и рехабилитацијата на деца со ПОП | Новини во дијагностиката и рехабилитацијата со децата со ПОП | Разни форми на стручно усовршување | Развивање на дејноста, поквалитетни човечки ресурси | Индивидуален, колаборативен | Програми и други материјални ресурси | Наставен и стручен кадар | учесници | континуирано |
| Развој и примена на знаења и вештини за подобрување на сопствената практика | Примена на знаењата од ЛПР | Работа по СА и ТПР | Изработка и планирање на ЛПР | Индивидуален, колаборативен | Програми и други материјални ресурси | Наставен и стручен кадар | учесници | континуирано |
| Реедукација на психомоториката | Планирање и имплементирање на Реедукација на психомоториката во работата | Примена во наставните и со акцент во вонnаставните активности | Поуспешна рехабилитација | Индивидуален, колаборативен | Програми и други материјални ресурси | Наставен и стручен кадар | учесници | континуирано |
| Соработка со семејствата и заедницата | Запознавање со можните начини на соработка со семејствата | Разговор со родителите, домашни посети, предавање на родителите, родителски состаноци | Добро информирани родители заедничко делување | Индивидуален, колаборативен | Програми и други материјални ресурси | родители | учесници | континуирано |
| Вклучување на учениците во воннаставни активности | Вклучување на сите ученици во воннаставни активности | Секции, работилници, организации, манифестации, приредби,соработка со лок. сам. | Социјална интеграција | Индивидуален, колаборативен | Програми и други материјални ресурси | Наставен и стручен кадар | учесници | континуирано |

## 21.Соработка со родителите/старателите

### 21.1 Вклученост на семејствата во училиштето

Во контактите со родителите и потесната фамилија ќе се изменуваат информации за општата здравствена состојба на детето, потребите на корисникот на услугите и друго. Соработката ке се одвива во вид на индивидуални разговори: одделенски раководители-родител, социјален работник-родител и тоа преку непосредно присуство на родителот или преку телефонски разговор, организирани состаноци и непосредна посета на домовите на учениците.

Други форми на соработка:

- Доставување на брошури во почетокот на УГ;
- Домашни посети
- Следење на учениците и постојано информирање и соработување со родителите;
- Организирање на родителските средби;
- Активирање на родителите во животот и работата на училиштето преку советот на родители и нивно ангажирање;
- Давање совети при девијантни однесувања на нивните децата;

### 21.2.Вклученост на родителите/старателитево процесот на учење и вонраставните активности

| Подрачје: Соработка со родителите/општината/други училишта | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Активности** | **Очекувани резултати** | **Услови** | **Реализатори** | **Термин** |
| **Проекти со локалната заедница** | Посета на историски и верски објекти | Организирање на посета со одговорните на музејот во Битола | Одделенска и предметна настава | Во текот на учебната година |
| **Соработка со родителите** | Организирање на Новогодишни и Велигденски празници | успешно одржување на настаните | Родители и одговорни наставници за тие активности | Во текот на учебната година |

## 21.3.Едукација на родители/старатели

За воспитно-образовниот процес родителите се информираат преку брошури, флаери, опсервации на часови, on-line информации преку социјални мрежи.
Напомена: Постои посебен акционен план за соработка со родителите.

## 22. Комуникација со јавноста и промоција на училиштето

- ***Локална заедница*** (локална самоуправа, бизнис заедница, месно население)

Нашата дефиниција за односите со јавноста гласи: Дисциплина која се грижи за репутацијата со цел да се добие разбирање и подршка, како и да се влијае врз мислењето и однесувањето. Процесот за односи со јавноста е планиран со посебна акциска програма и истиот се одржува на систематичен начин. Односите со јавноста нам ни значат исто колку и репутацијата и имиџот на организацијата. Тоа е наш напор како да воспоставиме и одржуваме добра волја и разбирање помеѓу училиштето и нашата ,,публика”, како да ги градиме и одржуваме односите во и надвор од организацијата.

Со годишната програма планирани се следниве типови на односи со јавноста:

-јакнење на комуникацијата со околината;
-соработка со други училишта;
-односи со заедницата;
-работа со надворешната околина;
-воспоставување на инвестициски односи;
-грижа за животната средина;
-доброволна работа и некомерцијален сектор;
-управување со гласини и т.н.

- **Институции од областа на културата**

Музеј на општина Битола, Народен театар – Битола, Центар за култура, Галерии, Градска библиотека

- **Институции од областа на образованието**

БРО, Просветен инспекторијат, МОН, Институт за дефектологија, основни и средни училишта, ДУЦОР,, Партение Зографски“-Скопје, Школи за глуви деца од Србија, Бугарија, Италија, Босна, Словенија, Романија и др.

- **Невладини организации**

Во моментот соработуваме со повеќе НВО и секогаш сме отворени за нови соработки.

- **Спортски друштва**

Асоцијација на спортски друштва на општина Битола.

## 23. Следење, имплементација и евалуација на годишната програма за работа

| **Година 2022/2023** | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Временска рамка (месец)** | | | | | | | | | | | | **Следење** | |
| **Активност** | **9** | **10** | **11** | **12** | **1** | **2** | **3** | **4** | **5** | **6** | **7** | **8** | **Носител** | **Начин на спроведување (ресурси)** | **Инструменти** |
| ГП Директор | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | Директор | ЗОО, БРО,МОН ГП , ГП за раб.на директорот | Евидентни и чек листи, анкети, интервјуа, прашалници, анализи |
| ГП Педагог | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | Педагог | ЗОО, БРО,МОН ГП , ГП за раб.на педагог | Евидентни и чек листи, анкети, интервјуа, прашалници, анализи |
| ГП Социјален работник | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | Социјален работник | ЗОО, БРО,МОН ГП , ГП за раб.на соц.раб. | Евидентни и чек листи, анкети, интервјуа, прашалници, |
| ГП Кабинети | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | x | √ | Одговорни наставници | ГП, Индивидуални програми, | Анализи, досиеја евидентни листи |
| ГП Наставни- | x | √ | x | √ | √ | x | x | √ | √ | √ | x | √ | Директор | ГП за работа на | Анализи, Евидентни и чек |

| | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| чки совет | | | | | | | | | | | | | НС, ЗОО, БРО,МОН ГП анекс програми Год.иТем. планирања | листи, анкети, интервјуа, прашалници |
| ГП СА Одделенска настава | √ | √ | √ | √ | x | √ | √ | √ | √ | √ | x | √ | Константина Петреска | ГП, ГП СА, Наставни програми, Анекс програми | Анализи, Евидентни и чек листи, анкети, стручни предавања записници |
| ГП СА Предметна настава | √ | √ | √ | √ | x | √ | √ | √ | √ | √ | x | √ | Јове Цветаноски | ГП СА, ГП, Наставни програми, Анекс програми | Анализи, Евидентни и чек листи, анкети, стручни предавања записници |
| ГП СА Служба за индивидуални третмани | √ | √ | √ | √ | x | √ | √ | √ | √ | √ | x | √ | Благој Насев | ГП СА, ГП, Индивиду-ални програми, Анекс програми | Анализи, досиеја, анкети, стручни предавања, записници |
| ГП СА служба за рана и групна рехабилитација | √ | √ | √ | √ | x | √ | √ | √ | √ | √ | x | √ | Татјана Димитриевска | ГП СА, ГП, Индивиду-ални програми, Анекс програми | Анализи, досиеја, анкети, стручни предавања, записници |
| ГП СА Воспитувачи-специјални едукатори и рехабилитатори | √ | √ | √ | √ | x | √ | √ | √ | √ | √ | x | √ | Ангела Пулеска | ГП СА, ГП, Програми за слободно време, Програми за реедукација и психомото-рика Анекс програми | евидентни листи, анкети, стручни предавања, записници |
| ГП Оддел. совети | x | x | √ | x | √ | x | x | √ | x | √ | x | x | Директор | ГП, Наставни | Анализи, Евидентни и чек листи, анкети, интервјуа, |

| | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | | | | | | | програми, Анекс програми | прашалници |
| ГП Проф. раз. на наставниците | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | Тим за професионал ен развој | ГП за ПРН, Наст.програми, обуки, семинари, (екстерни/ интерни), отворени часови | Анализи, Евидентни и чек листи, анкети, презентации, проф. досие |
| ГП Следење на работата на наставниците | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | Директор Педагог | Год. Тем. Планирања, пед. документација, нас. часови | Анализи, Евидентни и чек листи, анкети, педагошки картон |
| ГП Наставник почетник | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | x | √ | Наставник ментор педагог | Год. Тем. Планирања, пед. документација, нас. часови | Анализи, Евидентни и чек листи, анкети, педагошки картон |
| ГП Екскурзии | √ | x | x | x | x | x | x | √ | x | √ | x | x | Сузана Станоевска | ГП екскурзии, ГП , ЗОО, правилник, | анкети, интервјуа, агенди, извештаи |
| ГП Здравствена заштита и здрав. воспитание | √ | √ | √ | √ | x | √ | √ | √ | √ | √ | x | x | Амбуланта | ГП, предавања, презентаци | Записници, анализи |
| ГП Оценување на учениците | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | x | x | Педагог | ЗОО, БРО,МОН ГП, Стандарди и критериуми за оценување | Евидентни и чек листи, анализи, ученички досиеја |
| ГП Совет на родители | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | x | x | Стручни соработници | ГП, ЗОО, БРО,МОН | Записници |
| ГП Ученички секции | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | x | x | Одговорни наставници | ГП секции, ЗОО, БРО,МОН ГП, | Анкети, учества, награди, извештаи |

| | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ГП Домска организац. | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | х | х | Педагог, и друг стручен соработник | ГП за ДО, | Записници, проекти, интервјуа |
| ГП Еко училиште | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | х | х | Катерина Шаркоска | ГП за ЕКО, Год. и Тем. Планирања | Анкети, учества, раб.акции, извештаи |
| ГП Детска организац. | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | х | х | Психолог педагог одд.раководители од прво одд. | ГП за ДО, | Записници, проекти, интервјуа |
| ГП Проф. Информир. и ориентир. На учениците | х | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | х | х | Педагог, психолог | ГП за ПИОУ | Интервјуа, предавања, посети по РО, потврди |
| ГП Општ. корисна и хуманитарна работа | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | х | х | Стручен кадар | ГП | Собирни и работни акции, барање донатори |
| ГП Соработка со локалната средина | х | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | х | х | Директор, стручни соработници наставници | ГП, ОУ, СОУ, лок. самоуправа | Проектни активности, |
| ГП за теренска комисија | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | Директор Психолог, педагог, стручни соработници, специјален едукатор и рехабилитатор (дефектолог кабинет) | МТРП, ЦСР, СГНЛ РМ, лок.самоуп. | Посета на 18 општини односно 84 основни училишта во нашиот реон, социјални центри, семејства. |

| | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | | | | | | | | |
| ГП за превенција на насилно однесување на учениците | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | Психолози Стручни соработници | Работилници | Интервјуа, предавања од стручни лица |
| ГП за обука, поддршка и следење на ОА | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | Координатор и на образовни асистенти | ГП, БРО, МОН Обуки, работилници, вебинари | Записници, дневници за работа, извештаи, МКФ проценки, правилници |

## Инклузивни практики

Согласно законските одредби изготвени се подзаконските документи: Концепција за инклузивно образование, Правилник за начинот на оценување на учениците со попреченост, Упатство за начинот на соработка помеѓу основните училишта со ресурсен центар, центрите за поддршка во учењето и другите основни училишта,Правилник за нормативот, описот на компетенциите и работните задачи за образовниот и личниот асистент и Водич за работа на училишниот инклузивен тим. Важно е да се истакне дека во сите овие документи се почитувани следните водечки принципи за градење инклузивно образование:

– пристап на целата личност (whole person approach), значи дека сите деца и ученици можат да учат, да се развиваат, да постигнуваат и да придонесуваат во заедницата и пошироко во општеството.

– Правичност, или гаранција дека сите деца и ученици имаат пристап до неопходната поддршка, за да го остварат својот потенцијал за учење и развој.

– Инклузија е право на сите деца и ученици на пристап и учество, ефективно и целосно во заеднички инклузивен воспитно - образовен контекст.

– Пристап заснован на целото училиште (whole school approach), што значи градење капацитети во самото училиште за развој на инклузивна клима и обезбедување систематска поддршка на севкупниот воспитно-образовен кадар. Организирањето на воспитно-образовниот процес по мерка на ученикот, при што за видот поддршка се одлучува поединечно за секој ученик согласно неговиот потенцијал, потреби и интереси.

– Флексибилност - флексибилно организирање на наставниот план, наставната програма, училишниот простор и време, за да се овозможи воспитно-образовниот процес преку примена на соодветни наставни методи и активности да одговори на специфичностите и стиловите на учење на секој ученик/ученичка.

– Самоопределување - почитување на личната независност, земајќи ги предвид потребите, интересите и способностите на учениците, културниот и јазичниот идентитет, создавајќи можности за остварување на правото на учество и донесување одлуки.

– Одговорност и автономност на училиштето да дефинира процес во кој се идентификуваат бариери во учењето со кои се соочува ученикот и планирање на најразлични стратегии и мерки за нивно надминување.
– Наставниците имаат поддршка за развој на своите знаења, ставови, вештини, вредности за градење инклузивни учечко-поучувачки средини. Подготвени се да соработуваат, разменуваат успешни примери од пракса и веруваат дека способноста не е фиксна и дека сите ученици може да се развиваат и да учат.
– Вклученост на родителите/старателите - имаат право на учество и информирање за сите аспекти од воспитно-образовниот процес на нивното дете. Покрај партнерските релации со родителите/старателите неопходна е соработка и со граѓански здруженија, организации, здруженија на лица со попреченост, со цел споделување на ресурсите за унапредување на инклузивноста, со акцент на разумните прилагодувања и сервиси.
– Континуиран процес на мониторинг и евалуација, подразбира дека училиштето има развиено план за мониторинг (следење) и евалуација (проценка) во кој што ќе бидат јасно дефинирани: индикаторите (влезни, процесни и излезни), изворите на верификација, временската рамка (рокови), ресурсите и одговорните лица.

-Образовните асистенти ќе даваат поддршка на ученици со МКФ проценка со која им се обезбедува образовна асистенција, истите активно ќе учествуваат и на Наствнички совет со свои претставници.

Инклузивнате педагогија е заснована на следниве стручни и вредносни определби:
– Вистинско учество е предуслов за учење.
– Секое дете може да научи.
– Наставниот план и наставната програма се алатки за развивање на способностите – не за акумулација на информации и факти.
– Наставниците и училиштата се приспособуваат на учениците, а не обратно.
– Разноликоста се разбира како можност за учење, а не како пречка за наставата.
– Особено внимание се посветува за спречување на:
■ дискриминацијата,
■ маргинализацијата,
■ исклучувањето,
■ слабите резултати кај учениците.
– Учењето во иста паралелка не значи учење на иста работа во исто време.

Во член 11, став 2 од Законот за основно образование, инклузивното образование се дефинира како процес кој ги зема предвид различните индивидуални потреби за развој на учениците, давајќи еднакви можности за остварување на основните човекови права за развој и квалитетно образование. Инклузивното образование вклучува промени и прилагодувања на наставната содржина, пристапот, структурите и стратегиите, за учениците со посебни образовни потреби, со заедничка визија и убедување дека државата има обврска да обезбеди образование за сите деца. Инфраструктурата, индивудуализираната поддршка, наставниот план и програма во основното образование, се разумно прилагодени според индивидуалните потреби на ученикот.

Разумно прилагодување претставува изменување и приспособување на условите за воспитание и образование во одреден случај, што не предизвикува несразмерно или непотребно оптоварување на училиштето, а е со цел обезбедување на уживањето или остварувањето на сите човекови права и слободи на учениците со попреченост на еднаква основа со другите.

Во член 19 Законот за основно образование предвидува поддршка на учењето за учениците со попреченост, при што основното училиште обезбедува: образовен асистент, личен асистент, соодветна стручна поддршка од центар за поддршка на учењето, инклузивен тим и асистивна технологија, по препорака на стручното тело за проценка и во согласност со индивидуалниот образовен план или модифицираната програма.

Во член 3 од Правилник за нормативот, описот на компетенциите и работните задачи за образовниот и личниот асистент лицата избрани како образовни асистенти посетуваат задолжителна обука за образовни асистенти согласно програмата за обука утврдена од министерот, на предлог на Бирото за развој на образование, спроведена од училиштето со ресурсен центар.

Образовните асистенти - учествуваат во наставата на различни начини, секогаш под супервизија на наставникот, за да се подобри процесот на учење. Тие можат да ја фасилитираат групната работа со учениците, повремено да работат индивидуално со одредени ученици на зајакнување на нивните вештини, да помогнат во менаџирање во училницата (менаџмент на дисциплина, мотивација, емоции и потреби на учениците). Целта на поддршката која ја даваат образовните асистенти е преку сорботка со наставниците и со примена на методите на кооперативно учење и поучување да им помогнат на учениците да учествува во воспитно-образовниот процес, максимално да ги реализираат своите потенцијали и да стекнуваат самостојност и социјална вклученост во училишната средина.

Во член 16 од Правилник за нормативот, описот на компетенциите и работните задачи за образовниот и личниот асистент од страна на образовниот асистент се води евиденција за неговата работа во дневник за работа и се доставува извештај до основното училиште со ресурсен центар.

Основни училишта со ресурсен центар - со развојот на инклузијата, посебните училишта се трансформираат во училишта со ресурсен центар и стануваат национални, односно регионални центри кои ќе ги нудат своите стручни, материјални и просторни ресурси за учениците со попреченост, нивните семејства и воспитно-образовниот кадар во училишта. Тие ќе вршат индивидуален третман и рехабилитација, ќе ја обезбедуваат образовната асистенција, ќе учествуваат и во реализација на дел од модифицираната програма за учениците со комплексни потреби, согласно со препораката на стручното тело за функционална проценка.

Наставата за учениците со попреченост во основните училишта се реализира според индивидуален образовен план или модифицирана наставна програма. Индивидуален образовен план вклучува адаптации во резултатите од учењето на наставната програма, воведување специфични активности и методи што овозможуваат постигнување на резултатите од учењето, додека, пак, модифицираната наставна програма, наменета за учениците со комплексни потреби, се подготвува за секој воспитно-образовен период на основното образование и со неа се определуваат резултатите од учење, базирани на компетенциите со кои треба да стекнат и развијат самостојност, личен развој и социјални односи. Во членот 24 од Конвенцијата на ООН за правата на лицата со инвалидност, земјите потписнички го признаваат правото на образование на овие лица без дискриминација и врз основа на еднакви можности, обезбедуваат образование на сите нивоа и доживотно учење.

При реализирањето на ова право, земјите потписнички на оваа Конвенција, меѓу другото, обезбедуваат лицата со инвалидност да ја добијат потребната поддршка во рамките на општиот образовен систем за да се поедностави нивното ефикасно образование. Членот 26 од Универзалната декларација за правата на човекот го содржи начелото дека секој има право на образование, а родителите/старателите имаат првенствено право да го изберат видот на образованието за своите деца. Вклучувањето на децата со посебни образовни потреби во редовниот образовен систем подразбира целосна инклузија во работата и севкупниот живот во училиштето. Овој процес претпочита овозможување повеќе услови за успешна инклузија, меѓу кои и можноста за обезбедување тимски приод при справување со предизвиците, отстранување на сите форми на дискриминација и бариери што го попречуваат правото на инклузивно, односно квалитетно образование. За таа цел, согласно со членот 16 став (1) од Законот за основно образование, во основното училиште директорот формира училишен инклузивен тим, кој се грижи за инклузивните политики и практики на ниво на целото училиште и инклузивен тим за ученик којшто работи по индивидуален образовен план (во натамошниот текст: ИОП) или по модифицирана наставна програма од членот 30 од овој закон.

Формирањето на инклузивните тимови е пропишано во Законот за основно образование. Во основното училиште директорот формира училишен инклузивен тим (УИТ) и инклузивен тим за ученик (ИТУ) кои се меѓусебно поврзани на два начина: УИТ ги осмислува и ги спроведува активностите на ниво на целото училиште и води грижа тие да бидат усогласени и применувани во работата, а ИТУ во фокусот на својата работа го имаат конкретниот ученик, изготвувањето и реализирањето на неговиот ИОП или модифицирана програма. Член на УИТ може да е и член на определен ИТУ или да е одговорен за врската со конкретни ИТУ. Улогата на училишниот инклузивен тим е да работи систематски на прашања поврзани со инклузијата и на воспоставување процедури во решавање предизвици на учениците со посебни образовни потреби во училиштето, што ќе им бидат познати на сите во училиштето. Конкретната содржина на работа на секој училишен инклузивен тим ќе зависи од спецификите на училиштето. Училишниот инклузивен тим тесно соработува со други тимови/комисии во училиштето, чија работа, на некој начин, е поврзана со инклузијата (на пр. со тимот за меѓуетничка интеграција, самоевалуација, развојно планирање и сл.) Училишниот инклузивен тим е со мандат од три учебни години и е составен од седум члена и тоа: педагог, односно психолог, односно социјален работник, двајца наставници од редот на вработените во училиштето, двајца родители/старатели, специјален едукатор и рехабилитатор и директорот на училиштето. Доколку училиштето нема стручен соработник од одреден профил се определува лице од училиштата со ресурсен центар или од центрите за поддршка на учењето. При изборот на членови на УИТ кои не се во постојан состав треба да се земат предвид нивните позитивни ставови во врска со инклузијата и компетенциите за инклузивни практики. Така ќе се обезбеди УИТ да биде сензитивен за сите прашања поврзани со инклузијата, компетентен и подготвен за соработка со наставниците и благовремено да реагира на предизвиците со кои се соочуваат учениците и заеднички да наоѓаат решенија. Организацијата на работата на УИТ е битна за ефикасноста на работењето. Во таа насока УИТ треба да воспостави процедури за својата работа, на пр. кои активности ги има на редовна основа, како до тимот доаѓаат информации за ученици со ПОП, како се комуницира со раководството на училиштето и со колегите (формални и неформални начини, електронска комуникација, комуникација и соработка со стручното тело за проценка на ученикот по Меѓународната класификација на функционирањето (МКФ), комуникација и соработка со основните училишта со ресурсен центар, со центрите за поддршка во учењето и сл.) УИТ треба да има утврдено место за состаноци и определено време за редовни состаноци.

За поефективна работа УИТ треба да определи раководител/координатор (којшто ќе ги свикува и организира состаноците), записничар (којшто ќе води белешки и друга евиденција од средбите), а членовите кои не се во постојан состав добро е да бидат специјализирани/одговорни за определени прашања од областа на инклузијата (пр. работа со ученици со попреченост, со проблеми во однесувањето и сл.) Вработените во училиштето треба благовремено да бидат запознати со информациите за начинот на работење на УИТ што се релевантни за нив, со што ќе се подобри соработката. Инклузивниот тим за ученик, е за период до завршување на основното образование на ученикот и е составен од: наставниците на ученикот, родителот/старателот, педагогот, односно психологот, односно социјалниот работник во училиштето и специјалниот едукатор и рехабилитатор. Доколку училиштето нема стручен соработник од одреден профил се определува лице од училиштата со ресурсен центар или од центрите за поддршка на учењето. Во овој тим, по потреба, можат да се вклучуваат и други лица кои му даваат поддршка на ученикот (лекар, друг вид стручен соработник или рехабилитатор со кој ученикот работи надвор од училиштето и слично), како и образовен или личен асистент, доколку истиот е препорачан од стручното тело за функционална проценка и работи со ученико

## ЗАКЛУЧОК

Годишната програма претставува краткорочен развоен документ и значаен патоказ за работа, рамка за иницирање, промовирање и евалуирање на сопствениот развој преку тимска работа. Планирањето во истата се базира на постојано истражување, интерно евалуирање, анализирање и откривање на сопствените потреби, осмислување на начинот со кој тие потреби ќе се задоволат. Затоа со право можеме да речеме дека годишната програма всушност претставува и двигател на иднината на установата.

Во самата структура на програмата постои конкретизација на содржинските елементи согласно задачите што треба да се остваруваат. Постојат и бројни прилози, селектирани дидактички елементи на воспитно-образовната дејност како на пример: целите и плановите за акција, разни задачи, содржини, методи, форми на работа, време, носители на активностите, како и обврските, правата и должностите на секој вработен субјект...

Со програмата, покрај обврските што произлегуваат од нашите обврзувачки закони и другите подзаконски акти, правилници и разните прописи, уште се утврдува обемот, распоредот на активностите што произлегуваат од самата настава и наставниот план и програм, обемот на воннаставните активности, грижата за здравјето на учениците, се планира работата на целокупната рехабилитациско воспитно наставна служба, следењето, унапредувањето и вреднувањето на рехабилитациско, воспитно-образовната работа, наставата во природа, екскурзиите, стручно усовршување на кадарот, соработката со родителите и пошироката општествена средина, превозот на учениците до училиштето, општествено корисната работа и други активности.

Комисијата ја изготви годишната програма според правилникот испратен од МОН и БРО. Опфатени се сите подрачја од правилникот и прилагодени според можностите и способностите на учениците и работата.

Заводот е трансформиран во основно училиште со ресурсен центар и можни се дополнителни организациски, кадровски, просторни и други измени соогласно препораките од МОН.

Во услови на пандемијата со Ковид-19 подготвени сме да ги следиме препораките од МОН за делечинско учење и за физичко присуство.

Комисија за изработка на Годишна програма:

Директор: Д-р Валентина Стојкоска

Соработници:

- Татјана Димитриевска
- Мимоза Ставревска
- Билјана Маслинко
- Весна Димовска
- Јове Цветаноски
- Марија Митревска
- Софија Размовска
- Гордана Стојановска
- Константина Петреска
- Ирена Н. Ристановска
- Методија Велкоски

**Потпис на директор**

____________________________

**Датум:12.08.2022 година**

**Битола**

**Потпис на претседател на Училишен одбор**

--------------------------------------------

**м.п**